РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# НА
# МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
# 2017-2019 година

Скопје

2017

*ПРОГРАМИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА*


| | | |
|---|---|---|
| 1. | ВОВЕД | 5 |
| 1.1. | МИСИЈА | 7 |
| 1.2. | ВИЗИЈА | 7 |
| 1.3. | ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 7 |
| 1.4. | СПЕЦИФИЧНОСТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ВО ОДНОС НА ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА | 8 |
| 1.5. | СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 10 |
| 1.6. | ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ | 12 |
| 1.7. | ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ НА МТСП | 12 |
| 1.8. | НАЧЕЛА НА МТСП | 13 |
| 1.9. | ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 15 |
| 1.10. | ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2015 ГОДИНА | 15 |
| 1.10.1. | Пазар на трудот и одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа | 15 |
| 1.10.2. | Социјална сигурност | 20 |
| 1.10.3. | Еднакви можности и антидискриминација | 34 |
| 1.10.4. | Усогласување со стандардите на Европската унија и меѓународна соработка | 37 |
| 1.10.5. | Тековно и инвестиционо вложување-изградба, реновирање и опремување на објекти и информациско комуникациска технологија | 44 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.10.6 | Заеднички функции на МТСП за 2015 година | 46 |
| 1.11 | Осврт на постигнати резултати на МТСП во 2016 година | 49 |
| 1.11.1. | Пазар на трудот и одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа | 49 |
| 1.11.2. | Социјална сигурност | 54 |
| 1.11.3. | Еднакви можности и антидискриминација | 65 |
| 1.11.4. | Усогласување со стандардите на Европската унија и меѓународна соработка | 66 |
| 1.11.5. | Тековно и инвестиционо вложување-изградба, реновирање и опремување на објекти и информациско комуникациска технологија | 73 |
| 1.11.6. | Заеднички функции на МТСП за 2016 година | 74 |
| 1.12 | ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2017-2019 ГОДИНА (ПРОГРАМИ И ПОТПРОГРАМИ) | 78 |
| 1.12.1. | Пазар на трудот и одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа | 78 |
| 1.12.2. | Социјална сигурност | 85 |
| 1.12.3. | Еднакви можности и антидискриминација | 105 |
| 1.12.4. | Усогласување со стандардите на Европската унија и меѓународна соработка | 110 |
| 1.12.5. | Тековно и инвестиционо вложување-изградба и опремување на објекти и информациско комуникациска технологија | 119 |
| 1.13. | Развивање на заеднички функции на МТСП | 125 |

Почитувани,

Министерството за труд и социјална политика, согласно со своите надлежности ги обединува политиките поврзани со вработувањето, работните односи, социјалната заштита, правата и заштитата на децата и нивните семејства, социјалната сигурност на пензионерите, заштита од дискриминација и сл..

Министертсвотото активно и во континуитет подготвува, предлага и импелементира мерки, активности, закони и стратегии кои се однесуваат на регулирањето на работните односи и нивно подобрување, заштита на правата и сигурноста на вработените, решавање на проблемот на невработеноста, зголемување на мотивацијата за работа наспроти негативните влијанија на социјалните давања, јакнење на капацитетите на институциите на пазарот на трудот, јакнење на ефикасен и ефективен социјален дијалог на сите нивоа, функционирање на ефикасни социјални институции, обезбедување на социјална сигурност на лицата во социјален ризик, пензионерите, обезбедување на поголема еднаквост помеѓу половите и заштита од секаков вид на дискриминација и сл.

Креирањето на политиките, мерките и активностите, се темелат на сеопфатни анализи, состојби и трендови, на меѓународните стандарди и позитивните искуства во Европската унија.

Стратешкиот план, е документ во кој се утврдени програми, потпрограми, проекти, мерки и активности кои треба да се остварат, имајќи ја во предвид јасно дефинираната мисијата и визијата на Министертсвото за труд и социјална политика.

Очекувам имплементацијата на Стратешкиот план за периодот 2017-2019 година, со целосна и поголем посветеност на вработените, во целост да се релизира, со што ќе се придонесе за подобрување на состојбите во областа на пазарот на трудот, усогласување на законодавството со законодавствоото на ЕУ, социјалната сигурност на сите граѓани, и исполнување на условите кои се поврзани со надлежностите на Министертсвото за труд и социјална политика за пристапување кон Европската унија.

Скопје, 2017 година

Министерстсво за труд и
социјална политика
Министер,
Ибрахим Ибрахими

# 1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Министерството за труд и социјална политика (МТСП[1]) за периодот 2017-2019 година, претставува пишан документ, општа рамка во кој се наведени главните карактеристики на МТСП, како што се: мисија, визија, задачи и обврски на органот, специфичности на органот, организационата структура на МТСП, организационите единици и органот во состав, приоритетните цели на МТСП, кои се во корелација со Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2017 година. Исто така, направен е осврт на постигнатите резултати за 2015 и 2016 година. Во делот на матрицата се дефинирани основните програми, потпрограми и активности на МТСП. Стратешкото планирање, како сет од избор на активности, претставува организиран процес на колективни промени, кои опфаќаат цели, ресурси, критериуми за избор, структури, организациони, институционални и персонални односи, кои ја сочинуваат сржта на процесот.

Стратешкиот план, како основен инструмент, ги одразува приоритетите, целите и задачите на МТСП, кои се во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, за период на временска рамка од три години.

Овој стратешки план претставува водич на сите вработени во МТСП, во однос на исполнување на нивните задачи и обврски. Функцијата на самиот документ, имплицара потреба од анализа на програмите и потпрограмите, како и мониторинг и евалуација на постигнатите резултати. Консекветно на тоа, се наметнува потреба од идни насоки за следните чекори кои треба да се преземат, со цел постигнување на посакуваните резултати на МТСП, кои произлегуваат од стратешките приоритети и цели на Владата на Република Македонија.

МТСП за фискалниот период 2017-2019 година, изготвува посебен Стратешки план за Управата за прашања на борците и воените инвалиди (УПБВИ), орган во состав на Министерството за труд и социјална политика. Стратешкиот план на овој орган, е во корелација, согласно со приоритетите и целите на Одлуката на Владата на Република Македонија во 2017 година и МТСП.

---

[1] Во понатамошниот текст на Стратешкиот план ќе се користи акронимот МТСП.

Реализацијата на програмите, потпрограмите и активностите кои произлегуват од стратешките приоритети и цели на Владата на Република Македонија ќе овозможат:

- ✓ Подобрување на состојбите на пазарот на трудот, учество на социјалните партнери во креирање и имплементација на политиките и континуирана хармонизација на домашното трудово законодавството со препораките и директивите на ЕУ. Постапување и креирање на акти во доменот на прашањата на пазарот на трудот и безбедноста и здравјето при работа, со цел воспоставување на еднакви пазарни механизми за сите актери во економијата и обезбедување на заштита и безбедност на работните места на вработените ;
- ✓ Имплементирање на развојна социјална сигурност, преку системите на социјалната заштита, социјалната инспекција, пензиското и инвалидското осигурување, *заштитата на децата,* интеграција на Ромите 2020 , поддршка на демографскиот развој заштита на борците и на воените инвалиди и на членовите на нивните семејства, согласно со постојните прописи на Република Македонија ( во натамошниот текст: РМ), консеквентно на современите текови на живеење, која е утврдена како дејност од јавен интерес, која ја остварува државата во согласност со начелото на социјална праведност. Имено, истата се имплементира преку систем на политики, мерки и активности за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот;
- ✓ Имплементирање на еднакви можности за мажите и жените, како и заштита, превенција од секаков вид на дискриминација;
- ✓ Апсорпција на претпристапните фондови на ЕУ (ИПА ), програмите од Унијата на Заедницата, како и на следењето на заштитата на човековите права и слободи, во согласност со стандардите утврдени со Европската социјална повелба на Советот на Европа;
- ✓ Развивање на објективни, ефикасни, ефективни и усогласени стратешки документи, политики, вертикални и хоризонтални активности во органот, согласно со буџетскиот лимит, кој произлегува од Законот за буџетите, со цел да се придонесе за остварување на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Македонија и
- ✓ Обезбедување на јакнење на административните и организациските капацитети во насока на спроведување на реформските процеси на јавната администрација и државните службеници, како и реформските активности кои се насочени кон постигнување на успех, подобрување на организациската ефикасност преку примена на

внатрешната контрола, за обезбедување на регуларност, успешност во работењето, кое е усогласено со финансиското работење и законските прописи во државата.

## 1.1. МИСИЈА

Креирање  и имплементација на политиките на пазарот на трудот, социјалната сигурност, еднакви можности, заштита и превенција од дискриминација  согласно  со меѓународните стандарди и принципи.

## 1.2.  ВИЗИЈА

Обезбедување на флексигурносен пазар на трудот, проследен со проактивна инклузивна социјална сигурност, еднакви можности за граѓаните и обезбедена примена на меѓународните стандарди и принципи преку социјален дијалог.

## 1.3. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Министерството за труд и социјална политика (во натамошниот текст:МТСП), својата мисија ја остварува преку спроведување  на следниве надлежности и тоа:

- Регулирање на односите на пазарот на трудот;
- Обезбедување на проактивна инклузивна социјална сигурност и заштита на граѓаните на Република Македонија, која ги инкорпорира политиките за социјална заштита, социјална инспекција, пензиско и инвалидско осигурување, заштита на децата, интеграција на Ромите 2020, заштита на борците, воените инвалиди и членовите на нивните семесјтва;
- Креирање на политики за еднакви можности, заштита и превенција од секаков вид на дискриминација;
- Водење хумана популациона политика,  усогласена со економскиот и социјалнот развој;

- ❖ Развивање на административниот капацитет (финансиска служба, внатрешна ревизија, управување со човечки ресурси, ИТ и други административно - логистички функции), како и
- ❖ Развој и имплементација на ефикасни, ефективни, хоризонтално-вертикални стратешки план(ови), согласно со проектираниот буџет.

## 1.4. СПЕЦИФИЧНОСТ НА МТСП ВО ОДНОС НА ДРУГИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Специфичноста на МТСП во однос на другите органи на државната управа произлегува од фактот што креира единствени политики кои се однесуваат на:

- Прашањата од областа на трудот, кои ги опфаќаат работните односи, вработувањето, пазарот на трудот, активните политики за вработување, материјалното обезбедување на привремено невработените; системот на плати; колективните договори, социјалниот дијалог, безбедноста и здравјето на вработените, еднаквоста и рамноправноста меѓу половите. Политиките од наведените прашања се креираат и имплементираат во соработка со: Агенцијата за вработување на Република Македонија; асоцијациите на работници и на работодавачи; Државниот инспекторат за труд, Државниот завод за статистика на Република Македонија; Фондот на ПИОМ и Фондот за здравствено осигурување; меѓународните организации- УНДП; МОТ; УСАИД; Светската банка; Европската делегација, Секретаријатот за европски прашања; и др.
- Правата на осигурениците на пензиското и инвалидското осигурување и на корисниците на пензиски бенефиции, се остваруваат во соработка со ФПИОМ, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) и здруженијата на пензионери;
- Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) за водење на рамномерна популациона политика. Дејноста е од јавен интерес, се остварува преку обезбедување на определени права (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете и партиципација), средства и облици за заштита на децата (згрижување и воспитание на деца од

предучилишна возраст, одмор и рекреација на децата и други облици за заштита на децата), преку установи за деца (јавни и приватни детски градинки и детски одморалишта и преку вршење одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од правни и физички лица);

- *Социјалната заштита* се остварува низ развој и унапредување на системот_за обезбедување_на социјална сигурност_на социјално и материјално загрозени лица; на лицата со посебни потреби, цивилните инвалиди, баратели на азил и бегалци; ги покрива проблемите од правна природа во бракот, семејството и вонбрачните заедници, односите меѓу родителите и децата, старателството и посвојувањето; креира и развива проактивни мерки за социјално вклучување со кои се зајакнуваат потенцијалите и капацитетите на корисниците, а со тоа посредно се зголемуваат нивните можности за активно учество на пазарот на трудот, подобрување на општата добросостојба, со крајна цел, намалување на сиромаштијата; ги усогласува законските норми со актуелните социо-економски услови, во соработка со органите на државната управа; јавните установи (меѓуопштинските центри за социјална работа, установите за социјална заштита; Заводот за социјални дејности), УНИЦЕФ; УНДП; и други меѓународни институции;

- Активности на Управата за прашања на борците и воените инвалиди (во натамошниот текст: Управа), орган во состав на МТСП, се насочени кон обезбедување и остварување на правата на борците, воените инвалиди, на припадниците на безбедносните сили на РМ, на членовите на нивните семејства и на семејствата на паднатите борци, уредени со посебните прописи од областа на боречко инвалидската заштита. За потребите на овој орган на Управа, во состав на МТСП, се изготвува на засебен стратешки план.

  Административниот капацитет од кој зависи успешното функционирање на МТСП, опфаќа внатрешни функции од заеднички интерес за целото Министерство (стратешко планирање, финансиски прашања, правни, нормативни, општи и заеднички прашања, човечки ресурси и внатрешна ревизија), кои се развиваат низ соработка со Агенцијата за администрација; Агенцијата за вработување на РМ; Јавното правобранителство; Народниот правобранител; судовите; Државниот завод за ревизија; Управата за геодетски работи; органите на управата; јавните установи; физичките и правните лица итн.;

- Координација и имплементација на политиките од интеграција на Ромите 2020.

- Координација и развој на демографски политики од Стратегијата за демографски политики на РМ.

## 1.5. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

МТСП согласно со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места, организациски е поделено на:

- 15 сектори
- 49 одделенија
- Проектна единица за спроведување на Оперативната програма "Развој на човечките ресурси".

Во органот во состав, како организационен облик постои сектор со две одделенија.

Сектори во состав на МТСП се:

- Сектор за внатрешна ревизија (составен од 2 одделенија) и
- Сектор за управување со човечки ресурси (составен од 2 одделенија) .
- Сектор за стратешко планирање (составен од 2 одделенија)
- Сектор за финансиски прашања (составен од 4 одделенија);
- Сектор за правни, и нормативни, општи и заеднички работи (составен од 6 одделенија);
- Сектор за координација и техничка помош на министерот (составен од 4 одделенија);
- Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка (составен од 4 одделенија);
- Сектор за политики од областа на трудово право и политики за вработување (составен од 4 одделенија);
- Сектор за прекршоци од областа на работните односи и областа на безбедност и здравје при работа (составен од 2 одделенија)
- Сектор за пензиско и инвалидско осигурување (составен од 3 одделенија);
- Сектор за еднакви можности (составен од 2 одделенија);
- Сектор за социјална заштита (составен од 6 одделенија) ;
- Сектор за децентрализација и развој на услуги од социјална заштита на локално ниво (составен од 2 одделенија);
- Сектор за заштита на деца (составен од 2 одделенија);

- Сектор за испекциски надзор над примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита  и заштита на децата (составен од 4 одделенија);

Министерството за труд и социјална политика има 16 државни советници:

- Државен советник за стратешко планирање и меѓуресорска координација на проекти за реформи за јавната администрација;
- Државен советник за  финансиските менаџмент;
- Државен советник за правни работи;
- Државен советник за координација и развој  на демографски политики ;
- Државен советник за европски интеграции и меѓународна соработка;
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на  трудовото право и политики за вработување;
- Државен советник за креирање и развој на прекршочни политики од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на пензиското и инвалидското осигурување;
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на социјалната заштита ( 2 извршители);
- Државен советник за  еднакви можности ( 2 извршители);
- Државен советник за креирање и развој на политики од област на човекови права и Координација и техничка подршка на имплемнтација на Стратегијата и Декадата на Ромите
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на заштита на децата ( 2 извршители);
- Државен советник за развој и унапредување на испекциските политики во социјалната заштита;

Секторот за социјална заштита е одговорен за системот на социјална заштита кој го сочинуваат  јавните установи за социјална заштита (центри за социјална работа, меѓуопштински центри за социјална работа); Заводот за социјални дејности; јавните установи за згрижување на корисници; дневните центри за лица со ментална и телесна попреченост; дневни центри за деца на улица-улични деца; дневни центри за лица кои злоупотребуваат дроги; центрите за времено сместување на жртви на семејно насилство; Прифатен центар за бездомници и дневни центри за стари и возрасни лица, во рамките на кои се обезбедува услуга за обезбедување на топол оброк за најзагрозените корисници.

МТСП врши надзор на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и Законот за социјална заштита.

## 1.6. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ

Согласно со Законот за организација на органите на државната управа, во состав на МТСП е органот за:

- Управата за прашања на борците и воените инвалиди, составен од еден сектор со 2 одделенија. За овој орган во состав на МТСП, за прв пат за фискалниот период 2014-2016 година, се пристапи кон изготвување на посебен стратешки план.

## 1.7. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ НА МТСП

Како државен орган со изградена хиерархиска организација, дисциплина, висока култура, транспарентност, свест и традиција, ги негува и надградува следниве принципи и вредности:

1. Ефикасно, ефективно креирање и имплементација на политиките од доменот на социјалната сигурност, согласно со основните меѓународни принципи и стандарди, пазарот на трудот, правата на работниците, социјалниот дијалог, еднаквите можности во интерес на сите граѓани во општеството итн;
2. Стручност, компетентност и резултати од работата, ќе претставува единствен услов за градење на кариера во доменот на МТСП;
3. Техничко – технолошка опременост за подобра, навремена и целосна имплементација на политиките во МТСП и организационите облици (институции), кои се во надлежност на овој орган на државна управа;
4. Одговорност и мотивираност на вработените за постигнување на подобри резултати во работењето;
5. Адекватно и реално планирање, развој и едукација на човечките ресурси;
6. Негување и почитување на соодветна и правична застапеност на граѓаните од сите етнички заедници во Република Македонија;

7. Обезбедување на адекватни и соодветни услуги, согласно со надлежностите на МТСП, како сервис на граѓаните;
8. Бескомпромисна борба против корупцијата и сите облици на организиран криминал во доменот на МТСП и институциите кои се во негова надлежност;
9. Унапредување на меѓусектораската, меѓуинституционалната, регионалната и меѓународната соработка за креирање, имплементација и следење на политиките и активностите на МТСП и институциите кои се во негова надлежност;
11. Изградена структурирана хиерархија, етика и дисциплина за вработените во МТСП и институциите кои се во негова надлежност.

## 1.8. НАЧЕЛА НА МТСП

МТСП заедно со органот во состав и институциите од соодветните области, во своето работење ги има во предвид и се раководи од следниве начела:

- **Владеење на правото** подеднакво за сите, преку неселективна примена и спроведување на законите, на објективен начин без разлика на расна, национална, политичка, верска или полова припадност и независно од социјалниот статус на граѓанинот;
- **Ефикасност,** која претставува способност за идентификување и подобрување на социо-економската сигурност на граѓаните, подобрување на состојбите на пазарот на трудот, преку преземање на навремени и проактивни мерки, со цел за нивно брзо надминување и ублажување, без несакани поголеми последици по сигурноста, стандардот на поединецот, групата и заедницата во општеството;
- **Надзор над примената на законите** во трудовото законодавство, социјалната сигурност, пазарот на трудот и еднаквите можности за сите во општеството;
- **Заштита на човековите слободи и права,** заради примена и гаранција во остварување на фундаменталните слободи и права на човекот и граѓанинот, кои се гарантирани со Уставот и законите на Р. Македонија, како и со меѓународни документи;

- **Проактивност**, заради спречување на можните ризици, постојана надградба и развој на политиките во доменот на социјалната политика и односите на пазарот на трудот, со цел да се подобри социјалната сигурност за потребите на граѓаните во Р. Македонија;
- **Сеопфатна вертикална и хоризонтална поврзаност**, преку заедничко делување на сите чинители во државата, преку имплементација на сите законски расположиви политики, мерки и активности;
- **Професионалност**, која подразбира висок степен на стручност и компетентност на човечките ресурси за извршување на работите во доменот на МТСП, органите во состав и институциите кои се во негова надлежност;
- **Транспарентност**, што подразбира отвореност во работата, достапност на информациите, соработка со граѓанскиот сектор и компетентни институции (актери во процесите), меѓународни органи и интитуции, со цел да се креираат и имплементираат партиципативни политики, мерки и активности, кои се одраз на потребите на сите граѓани, кои се во надлежност на органите во состав и институциите на МТСП;
- **Кооперативност**, заради вертикална и хоризонтална соработка на сите актери кои се задолжени за подготовка и имплементација на законските, подзаконските акти, стратешките документи и следење на меѓународните текови и состојби;
- **Тимска работа и солидарност**, што подразбира свест за потребата од заедничко дејствување, преземање на заеднички обврски и заемна одговорност на сите вработени за политиките кои се креираат и имплементираат во надлежност на органите во состав и институциите под ингеренции на МТСП;
- **Работна дисциплина**, што подразбира навика за почитување на структурната хиерархиска поставеност и одговорно однесување кон работните задачи;
- **Висок морал**, што подразбира збир на морални вредности, принципи и правила, пропишани во Етичкиот кодекс на државната администрација и Правилата за однесување на државните и јавните службеници во согласност со важечките законски и подзаконски прописи;
- **Континуиран развој**, што подразбира постојана посветеноста на политиките, мерките и активностите што водат кон напредок во овој домен и
- **Отчетност**, што подразбира транспарентен однос во трошење на буџетските средства и одговорност за извршените услуги и задачи во надлежност на органите во состав и институциите под ингеренции на МТСП.

## 1.9. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

МТСП за следниот тригодишен период постави среднорочни цели, согласно со стратешките приоритети и целите кои произлегуват од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РМ во 2017 година ("Сл. весник на РМ" бр.115/16 ). Истите се дефинирани врз основа на: потребите на главните корисници на услугите; анализата на внатрешното и надворешното опкружување; актуелната социо - економска состојба; извештаите на меѓународните организации; Извештајот на Европската унија за напредокот на РМ; Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) во областите за слободно движење на работници, труд и вработување, социјалниот дијалог, пензиско и инвалидско осигурување, социјална заштита, социјална инклузија, антидискриминација, еднаков третман на жените и мажите, со цел исполнување на обврските за побрза интеграција на РМ во ЕУ; обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација; обврските произлезени од Партнерството за пристапување; обврските произлезени од меѓународни договори и др. Истите подетално се дефинирани во матрицата на Стратешклиот план на МТСП за фискален период 2017-2019 година во точка 1.12.1 по одделни програми.

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2015 ГОДИНА

### 1.10.1. ПАЗАР НА ТРУДОТ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Оваа програма е составена од четири потпрограми и тоа :

- Политики за вработување;
- Трудово право;
- Социјален дијалог и
- Одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.

Во 2015 година, претставено по потпрограми, се реализирани следниве активности , и тоа:

**I.Политики за вработување**

*Реализирани активности во 2015 година*

Во периодот од втората половина на февруари до мај 2015 година продолжи имплементација на Проектот "Форуми со работодавачи", во рамките на кој се одржаа трибини во 23 општини и на истите присуствуваа 392 работодавачи. Во истиот период продолжи имплементацијата на Проектот – "Инфосредби" на кои учествуваа 644 невработени млади лица. Во јануари 2015 година се одржа 1 регионален саем за вработување во Тетово.

Од септември проектите "Форуми на работодавачи" и "Инфосредби со млади лица " претставуваа пропратен дел од саемите за вработување кои ги имплементираше Агенцијата за вработување на Република Македонија. Целта на одржаните саеми за вработување беше да се овозможи на работодавачите да обезбедат квалитетна работна сила согласно со нивните потреби, како и можност за успешно претставување на невработените лица на пазарот на трудот. За таа цел се одржаа 8 саеми и тоа во: (Прилеп, Велес, Струга, Кочани, Радовиш, Гостивар, Куманово и Скопје).

Продолжи и имплементацијата на "Проект самовработување со кредитирање", зашто се објавени четири јавни огласи.

Започна со имплементација Проект "Македонија вработува".

Покрај тоа, отворени се четири нови канцеларии за вработување, спроведени се активности за подобрување на индивидуалните планови за вработување и обука на невработените лица, формиран е Совет на работодавачи при АВРМ и отворени се 22 приватни провајдери за обука.

Во октомври се изработи и усвои Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020.

Во јули се изработи и усвои нов Акциски план за вработување на младите 2016-2020.

Во септември се изработи и усвои нов Оперативен план за активни програми за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2016 година со кој се планира да се опфатат 37.470 лица, за што се планирани 709.631.850 денари.

II.Трудово право

*Реализирани активности во 2015 година*

Направени се измени и дополнувања на следните закони:

-Законот за работните односи (“Сл. весник на РМ” бр.20/15, 72/15 и 33/15), со кои се уреди плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно со Закон за надоместоците за извршената работа од посебните договори. Дополнително, се даде можност, во јавниот оглас, да биде наведен и паричен износ на нето платата од најнизок до највисок износ, за работното место за кое се бара работник, се изврши доуредување на прекувремената работа и користењето на годишниот одмор. Исто така, се уреди дека во случај на престанок на договорот за вработување на определено време поради исгек на времето, користењето на надоместокот на плата за време на отсуство поради бременост, раѓање и родителство, работничката продолжува да го користи правото до истекот на отсуството на товар на Фондот за здравствено осигурување, се воведе и можноста контролата за пријавувањето во задолжително социјално осигурување да го водат повеќе инспекциски органи во случај на затекнување на непријавен работник, истовремено при вршење на надзорот од својата надлежност. При тоа, се утврди и обврска на органите на државната управа надлежни за работите на инспекциски надзор да соработуваат и разменуваат податоци за забрана за вршење на работи на работодавачот. Со последната измена на Законот, се предвиде отсуството за бременост, раѓање и родителство на работничка која родила повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) и за работничката која посвоила повеќе деца (две или повеќе), да трае 15 месеци;

-Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност (“Сл. весник на РМ” бр.56/15), со кој е предвидено ослободување од плаќање придонеси од задолжителното социјално осигурување, ослободување од плаќање персонален данок за работодавачите од приватниот сектор кои ќе вработат невработено лице, а притоа ќе се овозможи опфат на поголем број на категории на невработени лица. Основна цел на овие дополнувања е вклучувањето на невработени лица во пазарот на труд и социјалното осигурување, преку поддршка на подолг рок;

- Законот за безбедност и здравје при работа (“Сл. весник на РМ” бр.15/15), со кои се изврши доуредување на стандардниот минимум за систематските прегледи и

- Законот за минимална плата во Република Македонија ("Сл. весник на Р М" број 81/15), со кој се изврши измена на глобите за работодавачите и одговорните лица кои имаат неисплатена или исплатена плата под минималната плата за секој работник, на кој не му е исплатена минимална плата утврдена според одредбите на овој закон.

Согласно со член 19 од Уставот на Меѓународната организација на трудот, земјите членки имаат обврска да поднесуваат извештаи до Меѓународната организација на трудот во Женева, во однос на нератификуваните конвенции и препораки. Во оваа смисла, беше изготвен и испратен извештајот во однос на ревидираната Конвенција

за миграција за вработување, 1949 (бр. 97) и ревидиранта Препорака  за миграција за вработување, 1949 (бр. 86), Конвенција за работниците – мигранти (Дополнителни одредби), 1975 (бр.143) и Препораката за работниците – мигранти, 1975 (бр.151).

Согласно утврдената временска рамка, во септември 2015 година, до Меѓународната организација на трудот се испратени извештаите за примената на следните 18 ратификувани конвенции:

1. Конвенција за оштета во случај на невработеност поради бродолом, 1920 (C 8),
2. Конвенција за распоредување на морнари, 1920 (C 9),
3. Конвенција за медицинските прегледи на млади лица (на море), 1921(C 16),
4. Конвенција за точките на договор на морнарите, 1926(C 22 ),
5. Конвенција за репатријација на морнарите, 1926 (C 23 ),
6. Конвенција за потврди за способност на офицерите, 1936 (C 53),
7. Конвенција за осигурување во случај на болест (на море), 1936 (C 56),
8. Конвенција за  сертифицирање на бродските готвачи, 1949 (C 69),
9. Конвенција за  медицински прегледи на морнарите, 1946 (C 73),
10. Конвенција за морнари од втора класа, 1946 (C 74),
11. Конвенција за слобода на здружување и заштита на правото на организирање,  1948 (C 87),
12. Конвенција за сместување на посадата (ревидирана), 1949 (C 9),
13. Конвенција за право на организирање и колективно договарање, 1949 (C 98),
14. Конвенции за политики за вработување, 1964 ( C 122),
15. Конвенција за развој на човечките ресурси, 1975 (C 142),
16. Конвенција за трудовата администрација, 1950 (C 150),
17. Конвенција за работните односи  (во јавните служби), 1978 (C 151) и
18. Конвенција за колективно договарање, 1981 (C 154). Македонските верзии на истите, согласно Уставот на Меѓународната организација на трудот, испратени се до Организацијата на работодавачи на Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија и Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија.

## III.Социјален дијалог

*Реализирани активности во 2015 година*

Претставници на социјалните партнери во јуни 2015 година, учествуваа на годишната конферација на МОТ во Женева, во состав на делегацијата на Република Македонија.

Продолжи имплементацијата на Проектот "Промовирање на социјалниот дијалог".

Продолжи и процесот на колективно договарање во рамките на кој се потпишани два колективни договори на ниво на гранка и се регистирани осум колективни договори на ниво на работодавач.

.

## IV. Одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа

*Реализирани активности во 2015 година*

Реализирани се активности кои се во функција на зголемување на свеста на работодавачите за почитување на законите за овозможување на остварување на предвидените права, вклучување на работниците во организиран процес на работење и обезбедување на безбедна и здрава животна средина на работните места . Согласно тоа, во овој период:

- Добиени се 227 барања за поведување на прекршочна постапка;
- Доставени се 299 известувања до сторителите на прекршокот за поведување на прекршочна постапка и нивно произнесување по наводите во прекршочното барање;
- Поднесени се 194 барања до овластените подносители за дополнување на прекршочните барања;
- Донесени се 113 заклучоци за отфрлање на прекршочните барања;
- Донесени се 22 заклучоци за запирање на прекршочната постапка;
- Донесен е 36 заклучок за прекин на прекршочната постапка;
- Донесени се 510 прекршочни одлуки со изречени санкции , согласно со закон;
- Доставени се 325 одговори на тужба до Управен суд;
- Доставени се 332 одговори на жалба до Вишиот управен суд;

- Доставени се 132 жалби до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка;
- Доставени се 475 барања до Управен суд за известување за поведување на управен спор против решение на прекршочна комисија;
- Доставени се 435 барања до Централен регистар на Република Македонија;
- Доброволно се платени 29 правосилни и извршни прекршочни одлуки од сторителот на прекршокот и
- Доставени се 364 правосилни и извршни прекршочни одлуки до УЈП за присилно извршување.

## 1.10.2. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

Оваа програма е составена од следниве потпрограми:

- Социјална заштита;
- Инспекциски надзор над остварувањето на материјалните социјалните права и услуги од социјална заштита;
- Пензиско и инвалидско осигурување;
- Заштита на децата;
- Поддршка на развојот на Ромите и
- Поддршка на координација и развој на демографски политики.

*Во 2015 година, претставено по потпрограми, се реализирани следниве активности во доменот на социјалната сигурност, и тоа во:*

### I. Социјална заштита

*Реализирани активности во 2015 година*

Во оваа потпрограма направени се измени на:

1. Законот за социјалната заштита (”Сл. весник на РМ“бр.33/15), согласно кои се даде можност за зголемување на надоместокот за згрижување на лице во згрижувачко семејство за 25%, сметано од 1 јуни 2015 година. Се создаде

основа за рефундирање на средствата платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лице со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети, лице со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, потполно слепо лице со придружник и потполно глуво лице.

2. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Сл. весник на РМ“ бр.72/2015) се зголеми висината на социјална парична помош и постојаната парична помош, така што предвиденото зголемување на висината на паричната помош за овие права се зголеми за 10%, при што исплатата се реализира сметано од месец јули 2015 година.

3. Со Законот за дополнување на Законот за социјалната заштита („Сл. весник на РМ“ бр.104/2015) и Законот за дополнување на Законот за семејството („Службен весник на РМ„ бр.104/2015) се овозможи електронско поврзување на центрите за социјална работа со Агенцијата за катастар на недвижности.

4. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на РМ“ бр.150/2015) се изврши усогласување на казнените одредби од овој закон со Законот за прекршоците. Усогласување со Законот за прекршоците се изврши и со Законот за семејството, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Законот за употреба на знаковниот јазик, Законот за инвалалидски организации и Законот за вработување и работа на странци.

5. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Сл. весник на РМ“ бр.173/2015) се овозможи во Заводот за заштита и рехабилитација на Бања Банско да се сместуваат деца и младинци покрај со телесна попреченост и со комбинирани пречки во развојот. Се изврши зголемување на висината на социјалната парична помош и постојаната парична помош за 5%, започнувајќи со исплатата на овие права од јули 2016 година.

6. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита („Сл. весник на РМ“ бр.192/2015) се изврши подобрување на начинот и постапката за полагање на стручен испит, за стекнување на лиценца за работа на стручните лица, кои работат во областа на социјалната заштита.

7. Со измените и дополнувањата на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (“Сл. весник на РМ” бр.33/15) истиот се дополни со нова одредба, со која се определува обврска за стручните лица во центарот за социјална работа, секогаш кога имаат сознание дека семејното насилство е сторено од лице кое поседува огнено оружје да го извести Министерството за внатрешни работи. Кога се работи за лице кое има пристап и ракува со

службено огнено оружје во рамките на работните задачи, службените лица во ЦСР имаат обврска да достават известување до надлежната институција или правното лице за сознанијата за пријавеното семејно насилство, како и до Министерството за внатрешни работи. Исто така, со Законот за измена и дополнување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство ("Сл. весник на РМ" бр.150/15), се изврши усогласување на казнените одредби со Законот за прекршоците.

Истовремено беа донесени неколку подзаконски акти, како што се:

- Правилник за начинот, потребната документација и обрасците на барањата во постапката за утврдување на исполнетост на условите за почеток со работа на установа за социјална заштита, впишување на здружението во регистарот на здруженија од областа на социјалната заштита и издавање на дозвола за самостојно вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност од физичко лице („Сл. весник на РМ" бр. 6/2015);
- Правилник за поблиските услови за стандардите во поглед на потребен простор, опрема и стручен кадар, нивото на поддршка, начинот и програмата за остварување на поддршката за самостојно и организирано живеење во посебна станбена единица („Сл. весник на РМ" бр. 80/2015), со што се создаде основа со вонинституционална форма на заштита да се опфатат и децата без родители и родителска грижа, особено заради нивното оспособување за самостоен живот и вклучување во заедницата;
- Правилник за нормативите за целодневна исхрана на корисниците во установите за институционална социјална заштита („Службен весник на РМ" бр. 87/2015);
- Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита за стари лица („Сл. весник на РМ" бр. 125/2015) и
- Заради целосна имплементација на Законот за превенција, спречување и заштита *од семејно насилство , донесени се потребните подзаконски акти и тоа:* Правилник за начинот на спроведувањето и следењето на мерките за заштита на жртвата на семејно насилство преземени од центарот за социјална работа и за начинот на следење на изречените привремени мерки за заштита *( „Сл. весник на РМ" бр. 17/2015) и* Правилник за начинот на извршување на изречената привремена мерка за заштита – Задолжително посетување на советувалиште од страна на сторителот („Сл. весник на РМ" бр. 17/2015). Во оваа насока донесен е Протокол за

меѓусебната соработка на надлежните институции и здруженија за заштита и спречување од семејно насилство ( „Сл. весник на РМ“ бр. 143/2015).

Со цел за ефикасно спроведување на регулативата против семејното насилство, се реализираа 6 регионални обуки преку кои се обучија 112 стручни лица од центрите за социјална работа. Воедно формирано е Национално координативно тело против семејното насилство.

Донесена е Програма Д-10 за вработување на лица кои до 18-годишна возраст имале статус на дете без родители и без родителска грижа, за 2015 година („Сл. весник на РМ“ бр. 16/2015) преку која се вработија 30 лица.

Отворени се девет советувалишта за брак и семејство. Вкупниот број на овие советувалишта изнесува 30 и истите се отворени во секој центар за социјална работа.

Донесена е Програма за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2015/2016 година („Сл. весник на РМ“ бр. 143/2015).

Програмата за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во РМ за 2014/2015 година ("Сл. весник на РМ” бр.116/14) се имплементира преку процедури кои ги спроведуваат центрите за социјална работа. Со оваа програма се опфатија околу 600 корисници, на кои на месечена основа им се покриваат трошоците за закупнина на стан во висина од максимум 6.000 денари и режиски трошоци во висина од максимум 2.500 денари, а во функција беа ставени и 20 станбени единици во кои се сместени најранливите категории од бегалската популација.

Се усвои Оперативниот план за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021, за 2015 година.

Се изготвија и усвоија оперативни планови за 2015 година за спроведување на Стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020.

Во 2015 година продолжи имплементацијата на Стратегијата за стари лица 2010-2020 година.

Реализирани се проекти наменети за лицата со попреченост како што е: “Проектот достапна администрација за лица со инвалидност“. Поставени се првите две патеки за непречено движење на слепите лица во централното градско подрачје и во градскиот парк во Скопје. Изградено е осмо инклузивно детско игралиште во општината Кисела Вода.

Се објави јавен повик за поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита, склучени се договори за соработка за поддршка на работењето на дневни центри, за лица со интелектуална попреченост над 18 години, дневен центар за заштита на деца на улица и подрршка на жртви на семејно насилство.

Започна функционирањето на патролната социјална служба во Општина Карпош, а заради обезбедување на поголем број на згрижувачки семејства, МТСП во текот на 2015 г. спроведе кампања: „На секое дете му е потребно семејство„ преку медиумско афирмирање на оваа форма, се изработија постери, флаери и друг промотивен материјал.

Во првата половина на 2015 година на територијата на Република Македонија се отворија 2 народни кујни.

Поставена е патека за движење на слепи лица, како и деветто инклузивно детско игралиште во Битола.

Се изготви нацрт текст на Закон за социјално претприемништво.

Во рамките на програмата за соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ, извршена е анализа на програмите за работа на дневните центри за деца со попреченост и на другите алтернативни форми за згрижување на овие деца. Започна реализацијата на Оперативната програма за самовработување на лицата со попреченост преку кредитирање, за што се обезбедени средства во висина од 60.000.000 денари.

## II. Инспекциски надзор на примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата

### *Реализирани активности во 2015 година*

При реализирањето на програмските-стратешки активности за 2015 година, фундаментална придобивка е одржување на континуитет во севкупните заложби за намалување на број на утврдени неправилности, недостатоци во имплементирање на законите и прописите во центрите за социјална работа и установите за социјална заштита, изречените мерки од страна на инспекторите, како и обезбедување на социјална заштита и сигурност на лицата и семејствата во социјален ризик.

Во рамки на имплементацијата на активностите од Годишната програма за работа за 2015 година, надзорите се насочи кон подигнување на квалитетот на стручната работа во пружање на права и услуги на граѓаните од областа на социјалната заштита, како и зголемена одговорност на стручните работници во примената на позитивните законски прописи, при што реализирани се вкупно 94 редовни инспекциски надзори и 99 контролнни инспекциски надзори.

По службена должност и иницијативи на граѓани, спроведени се вкупно 226 вонредни инспекциски надзори, од кои најголем дел припаѓаат на претставки кои се однесуваат на обезбедување на услуги од семејно законодавство,

инспекциски надзори по службена должност во предмети со утврдена неоснована и противправна исплата на права од социјалната заштита по настаната смрт на корисник.

Постигнат ефект од спроведените надзори се изречените мерки за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности, со што истите резултираат со склучени спогодби на центрите за социјална работа за враќање на неосновано примените средства.

Во 2015 година во областа на детската заштита, реализирани се вкупно 39 редовни инспекциски надзори, 24 контролни инспекциски надзори и по службена должност и иницијатива на граѓаните спроведени се 30 вонредни надзори.

Извршени се 21 стручни надзори во установи за деца - детски градинки.

## III. Пензиско и инвалидско осигурување

### *Реализирани активности во 2015 година*

Донесени се измени и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Сл. весник на РМ" бр. 20/2015, 61/2015 и 97/2015), со коишто се:

- изврши усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, во делот на опфатот со задолжително социјално осигурување на лицата кои остваруваат приходи од извршување на интелектуална и/или физичка работа од договор за дело, авторски договор или друг договор во однос на мерките за ослободување од плаќање на социјалните придонеси, со цел вклучување на невработени лица на пазарот на труд и социјалното осигурување, преку поддршка на подолг рок и
- создава можност за осигуреникот кој бил во работен однос, односно на работа врз основа на кој бил пријавен во задолжително социјално осигурување, а од страна на обврзникот за пресметка и плаќање на придонес не му е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за период до 31 декември 2008, сам за себе да изврши плаќање на придонесот и со тоа да оствари право од пензиското и инвалидското осигурување.

Со измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Сл. весник на РМ" бр. 147/2015 и 173 /2015), се изврши усогласување со новиот Закон за прекршоци и се воведе одредба за усогласување на пензиите во 2016 година.

Донесен е Закон за отпишување на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување („Сл. весник на РМ” бр. 97/2015). Со овој закон поблиску се уредуваат условите, начинот и постапката за отпишување на пресметаните неплатени камати, по основ на обврските за придонеси од задолжително пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување, кои настанале заклучно со обврските по овој основ за декември 2008 година, како и на обврските за придонеси од задолжително социјално осигурување кои настанале почнувајќи од платата за јануари 2009 година, заклучно со декември 2014 година.

Имплементирани е проектот „Бањско климатска рекреација на корисници на пензија“со кој се опфатија 5.214 корисници на пензија и Проектот “Бесплатен туристички викенд” преку кој беа опфатени 2.567 корисници на пензија.

- Министерството за труд и социјална политика, Фондот на ПИОМ и МАПАС преку активноста „ Ден за Вас“, одржаа настани во следните општини и тоа: Кочани, Кавадарци, Чаир, Кисела Вода, Аеродром, Карпош, Гази Баба, Ѓорче Петров, Крива Паланка, Скопје, Тетово, Гевгелија, Ресен, Битола, Струмица, Куманово и Велес.
- Финансиска едукација на јавноста за капиталното финансирано пензиско осигурување, во рамките на кој посетени се 7 средни училишта и 36 факултети.

Во континуитет се работеше на договорите за социјално осигурување, при што се ратификувани следните договори за социјално осигурување и социјална сигурност и тоа помеѓу:

- Република Македонија и Република Унгарија, потпишан на 20 ноември 2014 година (“Сл. весник на РМ” бр.80/2015);

- Во ноември 2015 година се потпиша Административната спогодба за спроведување на Договорот меѓу Република Македонија и Словачка Република за социјално осигурување, а Договорот стапи во сила од 1 декември 2015 година;

- Република Македонија и Република Албанија , потпишаа договор во март 2015 година кој е во постапка на ратификација, во декември се одржаа преговори за усогласување на текст на Административната спогодба за спроведување на Договорот меѓу Република Македонија и Република Албанија за социјално осигурување

## IV. Заштита на децата

Реализирани активности во 2015 година

Во овој период направени се измени и дополнувања на следните закони, и тоа во: Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр.10/15, 25/15 ), со кој што од 1 јуни 2015 година се овозможи остварување на право на посебен додаток и за децата со Даунов синдром, подобрување на финансиската состојба на материјално необезбедени родители корисници на социјална парична помош, и постојана парична помош, кои имаат дете со специфични потреби кое што има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот, со зголемување на износот на посебниот додаток за 25%. Се даде можност згрижувањето и воспитанието на децата да се организира во детска градинка/центар за ран детски развој, во состав на правни лица за потребите на вработените, како и во образовна институција за образование на стручен кадар за предучилишно воспитание. Исто така, се воведе електронска апликација на барање за остварување на правото на детски додаток, со примена од декември 2016 година.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр.150/15 ) – со кој се изврши усогласување со Законот за прекршоците. Со донесувањето на новиот Закон за прекршоците се воведоа новини кои беа неопходни заради успешно, ефикасно и ефективно спроведување на прекршочната постапка, било пред прекршочните органи или пред судовите, како и олеснување и поедноставување на истата.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл. весник на Р М“ бр. 192/15) – Основната цел поради која се донесе овој закон е да се подобри транспарентноста при полагање на испитот, и воедно да се заострат казнените мерки во однос на постапката при спроведување на испитот, како за кандидатите така и за овластените претставници кои учествуваат во спроведување на испитот.

Изготвен е Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата – кој е во Владина процедура. Со предлогот се врши усогласување со Законот за општа управна постапка, во насока на успешно, ефикасно и ефективно спроведување на управната постапка.

Во овој период се донесени и повеќе подзаконски и други акти и тоа:

-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Сл. весник на РМ“ бр. 71/15);

-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр.43/15);

-Правилник за дополнување на Правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита на децата („Сл весник на РМ“ бр.43/15);

-Правилник за формата и содржината на барањето за донесување на решение од министерот за труд и социјална политика („Сл весник на РМ“ бр.48/15);

-Правилник за формата и содржината на уверението за положен стручен испит на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст („Сл. весник на РМ“ бр.95/15);

-Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација, начинот на издавање, употреба, одземање и евиденција на издадените и одземените службени легитимации на инспекторите од областа за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр.121/15) ;

**-**Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Сл.весник на РМ“ бр. 146/15);

-Програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот (“Сл. весник на РМ” бр.82/15);

-

- Изготвена е Предлог-Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2016 година која ги опфаќа пропишаните мерки и активности за заштита и развој на дејноста за заштита на децата ;

-Упатство за планирање спортски (физички и моторички) активности согласно стручно научната оправданост, принципите и целите на програмата за рано учење и развој на децата од предучилишна возраст;

-Упатство за планирање на активности од програмата за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување кај децата од предучилишна возраст, во установите за згрижување и воспитување на деца.

-Упатство за реализација на програмата за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционални игри во установите.

- Уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца -детски градинки по општини за 2016 година.

- Одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела" во времето од 5 до 11.10. 2015 година.

Во 2015 година со лиценца за работа се стекнале 526 лица .

Издадени се 11 решенија за вршење на дејност и отпочнување со работа на јавни општински установи за деца-детски градинки.

Дадени се седум согласности за формирање на групи на јавни општински установи за деца -детска градинка, за вршење на дејност згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, во други просторни услови/ во рурална средина со капацитет од 20-25 деца.

Донесени се 6 одлуки за давање одобрение за основање на приватна установа за деца – детска градинка како и дадени се решение за вршење на дејноста и отпочнување со работа.

Дадени се четири одобренија за основање на приватни центри за ран детски развој и дадени се решенија за вршење на дејноста и отпочнување со работа.

Дадени се 8 решенија за исполнети услови за вршење на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и отпочнување со работа на центри за ран детски развој во состав на јавни установи.

Дадени се решенија за употреба на 9 прирачници за деца на возраст од 4-6 години.

С*е* реализирааа__активности за зголемување на капацитетите за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст. Опфатот_на деца од 0-6 години во сите установи изнесува 37.121 дете, што преставува 26.4% во Република Македонија, од кои во јавните установи 33. 264 деца, во приватните детски градинки 1.647 и во центрите за ран детски развој 2. 210 деца.

Се реализираше проектот „Воведување на почит кон различностите и мултикултурализмот во раниот детски развој во Македонија„- кај малите деца (0-6 години) Овој проект се реализираше во соработка со УНИЦЕФ и подршка на Британската амбасада. Преку проектот се издадени прирачник, материјали и сликовници за воспитниот кадар во градинките и центрите за ран детски развој за почит кон различностите и мултикултурализмот.

Во соработка со УНИЦЕФ, се реализирани три работилници (обуки) на тема: Инклузија во раното детство - предизвици и перспективи на кадар од 10 градинки и центрите за ран детски развој, врз основа на развиените модули за професионален развој, за обука на кадарот од градинките и центрите за ран детски развој. Од страна на УНИЦЕФ се подготви нацрт прирачник за инклузивно предучилишно образование .

## V. Поддршка на развојот на Ромите

### Реализирани активности во 2015 година

Во првото полугодие од 2015 година реализирани се неколку проекти, тековно се следеше имплементацијата на стратешките документи, се продолжи со јакнење на капацитетите на институциите и лицата за инклузија за Ромите, намалување на сиромаштијата, почитување на човековите права, обезбедување на достоинствен живот и сл.

Во овој период се имплементира проектот- "Вклучување на деца Роми во јавните предучилишни установи- детски градинки во Македонија" за чија имплементација се објавија јавни огласи за избор на координатор и локални партнери во спроведувањето на проектот. Имплементацијата на Проектот редовно се следи, за што се реализирани четири мониторинг посети и тоа во градинките “8 април” во Шуто Оризари и “25 Мај”. По повод 8-ми април, Меѓународниот ден на Ромите, подготвен е видео клип со децата вклучени во проектот.Со финансиска поддршка на МТСП и Ромскиот едукативен фонд, Проектот се имплементира и во ЈОУДГ “Брешиа”, во Дебар каде се вклучени 10 деца (на возраст од 3,8 - 5,7 години), во периодот од март – јуни.

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Ромскиот едукативен фонд (РЕФ) веќе осум години по ред го имплементира проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи - детски градинки“.

Со проектот во сите години од имплементацијата се опфатени околу 2200 деца Роми, од кои околу 82% се запишани во основно образование. Во учебната 2014/ 2015 година се вклучени 630 деца.

Вработени се 16 ромски негувателки во 15 детки градинки каде што се и вклучени ромските деца. Дополнително во рамките на проектот со средства од донаторот се ангажирани и 3 ромски негувателки.

Во текот на април 2015 година, РИЦ-овите континуирано работеа на промоција и информирање на ромската заедница на тековните огласи за аплицирање во активните мерки за вработување. Во текот на јуни се подготви План за работа на Ромските информативни центри за период јуни 2015-јуни 2016 година. Од страна на РИЦ-овите извршено е и мапирање во општина Куманово, со цел да се увиди социо-економскиот профил, промовирање на проектот "Regional support facility for improving the capacity to make real progress on Roma inclusion" (Штип), и актуелните можности за вработување содржани во Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активни мерки за вработување, информирање за законските измени во делот за социјална заштита и сл.

Со поддршка на донатори отворени се 2 нови РИЦ (Ѓорче Петров и Кичево), односно функцинираат 12 Ромски информативни центри во 11 општини каде се ангажирани 15 лица во (Шуто Оризари, Топаана, Тетово, Гостивар, Битола, Прилеп, Штип, Кочани, Делчево, Виница, Берово и Куманово). Дел од овие РИЦ-ви се сместени во простории на општините а дел во ромски НВО-ии, со кои што МТСП има склучено Меморандум за соработка.

Од страна на МТСП, во април 2015 година, потпишан е Меморандум за соработка со ОБСЕ за продолжување на имплементацијата на проектот "Бесплатна правна помош за ромската заедница".

Мобилните правни канцеларии функционираат континуирано до крајот на декември 2015 во Скопје (Шуто Оризари, Прилеп, Берово, Делчево, Виница, Штип и Струмица). Ангажирани се 2 правни советници.

Во мобилните правни канцеларии во Скопје се обратија 70 лица кои што побарале правна помош и совети од различни области.

Одржани се два редовни состаноци на Националното координативно тело за имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите 2005 – 2015 година.

Реализирани се повеќе активности за спроведување на акција за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матична книга на евиденција, односно формирана е дополнителна работна група, која ќе работи на измени на законските регулативи, од страна на ОБСЕ подготвен е Прирачник за информирање на лицата за процесот на евидентирање во матична книга на родени, а во тек се активности за промоција на овој прирачник во 8 општини.

МТСП преку ангажманот на РИЦ и ромски НВО изврши мапирање на податоци за лица кои што се соочуваат со оваа проблематика за евиденција во матична книга на родени.

МТСП за оваа цел формираше работна група за идентификација и лоцирање на проблемот и во соработка со УВМКР, Министерство за правда и МВР и вклучени НВО предлага мерки и системски решенија за овие лица.

Во тек е реализацијата на Проектот "Зајакнување на правата на социјално загрозените групи во Западен Балкан (со фокус на Македонија)", кој се спроведува со поддршка на Германско друштво за интернационална соработка (ГИЗ), во заедничка соработка со МТСП, преку Ромските информативни центри, во период од октомври 2014 до септември 2015 година.

Во насока на успешна имплементација на Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување за 2015 година, се формира тим на ментори и асистенти (тренери) за вработување кои ќе бидат одговорни за мотивирање и редовно информирање за можностите за вработувања и за подобрување на професионалните капацитети, што се нудат во локалната заедница или преку националните програми и мерки за вработување. Услугите се насочени кон сите невработени Роми и лица под ризик од социјална исклученост. Во текот на февруари креиран е Ромски информативен портал (www.romainfo.mk), на кој може да се најдат повеќе информации од различни области за афирмација на Ромите.

Од 13 до 17 септември се одржаа работилници за подготовка на четири НАП-ови (вработување, образование, домување и за жената-Ромка) со учество на претставници на релевантните институции, ромски невладини организации, домашни и меѓународни експерти.

Подготвени се првични нацрт верзии на НАП-те за вработување, образование, домување и НАП за жената Ромка - со првичните насоки произлезени од работилниците.

Во рамките на *"Стратегијата за Роми 2014 - 2020"* одржана е работилница за креирање на основа за развој на Национален акциски план за здравство на Ромите, за период 2015-2018 година.

На 21 мај, во ЕУ инфо центарот во Скопје беше организирана подготвителна работна средба за Инклузија на Роми и Роми бегалци за 7-ма работна средба, на која што се дискутираа политиките на Европската унија за Ромите и можностите за финансирање преку ИПА компонентите и европски модел за интеграција на Ромите.

Ажурираниот статус на Акцискиот план за Роми и Роми бегалци е доставен на разгледување до соодветните институции.

Во периодот од 18-22 април одржана е втората фаза од тренингот за 27 медијатори во рамките на ROMED 1 програмата, а од 17 до 22 март 2015 година се одржа четвртата Национална работилница во рамките на РОМЕД 2 програмата за проучување на законите за децентрализација, креирање на концепт ноти за аплицирање на ИПА повик за грантови и креирање на Стратегија/Акционен план за делување во текот на 2015 година, на која учествуваа 36 претставници од општините и за локалните акциски групи.

Во соработка со Советот на Европа, МТСП преку локални контакт точки спроведува активности за обука и развој на медијатори во 10 општини .

Во четири општини во РМ (Берово, Дебар, Кочани, Кичево) млади обучени ромски медијатори, преку МТСП, вршат практична работа во институциите на локално ниво.

Во октомври 2015 година, МТСП во соработка со Советот на Европа ја поддржа организацијата на петтата јубилејна конференција за ромската жена. Оддржана е меѓународната конференција за жената Ромка, од 6-7 октомври со учество на претставници на релевантни институции, ромски невладини организации, домашни и меѓународни експерти.

## VI. Поддршка на демографски политики

*Реализирани активнсоти во 2015 година*

МТСП во соработка со Фондот за население на Обединетите нации во Република Македонија, презеде активности за започнување на процес на подготовка на Стратегијата за демографски полтики, со кои се идентификувани приоритетите и препораките за подобрување на постојните демографски трендови, врз основа на кои е подготвен Предлог текст на Стратегијата за демографски политики на Република Македонија 2015 – 2024. Истиот е усвоен во март 2015 година од страна на Владата на РМ. Во рамките на процесот на подготовка на овој стратешки документ, ораганизирана ѐ и завршна работилница за финализирање на предлог приоритетите и политиките на делување. Во нацрт текстот на овој стратешки документ, со активно учество на сите релевантни институции, граѓански организации, како и целосна поддршка од домашната експертска јавност од страна на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, кои се носители на Стратегијата за семејство на Република Македонија подготвена во мај 2013 година.

Со подршка на УНФПА, процесот на подготовка на Акцискиот план за демографски политики започна со органзирање на две работилници (на 17 и 19 март 2015 година) за селектирање на приоритетите и нивно конкретизирање во конкретни мерки и активности на делување од Стратегијата за демографски политики за период од две години, на кои учество земаа универзитетски професори, претставници од надлежните институции и граѓански организации од својата надлежност.

Акцискиот план за демографски политики 2015-2016 година, кој произлегува од Стратегијата за демографски политики на РМ 2015-2024 година, е подготвен со целосно учество на сите надлежни институции, поддршка од граѓанскиот сектор и домашни експерти во рамките на кој се идентификувани подрачјата на делување, приоритетите и препораките за подобрување на постојните демографски трендови. Со реализацијата на оваа Стратегија по приоритетни области на делување, за постигнување на главната цел, во рамките на која се идентификувани подрачја на делување и приоритети и препораките за подобрување на постојните демографски трендови, преку спроведување на долгорочни политики, кои индиректно или директно ќе влијаат на демографскиот развој на РМ.

### 1.10.3. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА

Оваа програма е составена од две потпрограми:

- Унапредување на родовата еднаквост и
- Превенција и заштита од сите форми на дискриминација.

*Во рамките на двете потпрограми, реализирани се следниве активности:*

**Реализирани активности во 2015 година**

Подготвени се оперативните програми за 2015 за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост и Стратегијата за родово одговорно буџетирање. Изработката на истите помина низ консултативен процес, со тоа што координаторите за еднакви можности на жените и мажите доставија свои предлог активности кои се во согласност со програмите на нивните институции.

Согласно со Законот за измени и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите изработени се следните правилници:

- Правилник за формата и содржината на годишниот извештај за резултатите од примената на посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите и начинот на спроведување на планот за имплементација на посебните мерки ( "Сл. весник на РМ" бр. 46/15);

- Правилник за формата и содржината на извештајот за работа на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа ( "Сл. весник на РМ" бр. 46/15);

- Правилник за формата и содржината на извештајот за работа на координаторот и заменик координаторот за еднакви можности на жените и мажите во органите на државната управа ( "Сл. весник на РМ" бр. 46/15) и

-Правилникот за анализа на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите ("Сл. весник на РМ" бр.125 /15). Согласно овој правилник, формирана е работна група од МТСП, МОН и Биро за развој на образованието со задача изработка на наставни планови и програми во основното образование. Подготвен е прашалник кој МОН ќе го дистрибуира до основните училишта.

Во соработка со Кабинетот на министерот без ресор и Национален координатор за спроведување на Декадата за Ромите, се одржа трибина посветена на потребите и состојбата со Ромките во РМ, каде беа презентирани актуелните состојби во областа на родовата еднаквост и резултатите од донесените и спроведени акциски планови за подобрување на состојбата на Ромките.

Во организација на ЗЕЛС со подршка на МТСП, орджана е работилница со координаторите за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) за институционалните механизми, правната рамка за еднакви можности на жените и мажите, како и надлежностите на координаторите и комисиите за еднакви можности во ЕЛС.

МТСП во соработка со Национална комисија за борба против трговија со луѓе и МВР спроведе три еднодневни обуки за имплементација на индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе, на која учествуваа 60 учесници (полициски службеници и социјални работници).

Реализирана е обука за вработените во институциите каде се сместени деца со висок ризик од нивно вклучување во трговија со луѓе ("Ранка Милановиќ", "25 мај" и "11 октомври"), на која учествуваа и се обучени 15 лица. Овие лица се обучени, пред се, за препознавање на индикаторите за идентификација и истите ќе бидат контакт лица и одговорни во нивните институции за оваа проблематика.

МТСП, во соработка со Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ООН од Женева и канцелариите на ООН во Македонија, на 22 јануари 2015 година одржа работилница - „Обезбедување ефективни механизми за спречување и заштита од дискриминација„. Учесници на работилницата беа: 38 претставници од Владините и државни институции, домашни и меѓународни експерти и граѓански организации, активни на ова поле.

Во мај 2015 година реализирани се координативни средби со домашни и меѓународни организации, со цел координација и следење на активностите во областа на еднаквите можности и недискриминацијата.

МТСП прави евалуација на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација, по основа на ментална и телесна попреченост, етничка припадност, возраст и пол 2012-2015 година. Целта на евалуацијата е согледување на состојбата, споредба на планираните и постигнатите цели и резултати, како и согледување на институционалната поставеност и организациските аспекти.

Од страна на ангажираната невладина организација, во рамки на проектот за "Развивање на специфичен модул за gender mainstreaming за државни службеници и нивно интегрирање во програмата за обука на МИОА", изработен е електронскиот демо модел за разбирање на концептот на родовата рамноправност од страна на државните службеници на национално и локално ниво. Проектот е на УН жени, а се реализира во соработка со МТСП и МИОА.

Во рамки на Твининг проектот:"Поддршка за имплементација на родовата еднаквост", согласно проектните се организира работилница на која учествуваа координатори за еднакви можности од министерствата и од општините, за состојбата со родовата еднаквост во РМ. Се одржа промотивен настан, за информирање на јавноста и засегнатите страни за почетокот и целите на проектот. Одржана е 10 дневна обука за обучувачи, со цел градење на капацитетите на Секторот еднакви мижности. За таа цел е изработен и прирачник..

Во рамки на планираните активности во однос на родовото одговорно буџетирање, се одржа и еднодневна работилница за споделување на добрите пракси при подготовката на буџетските изјави, слаби точки и предизвици.

Со цел да се презентира постигнатиот напредок и добиените резултати, три години по донесувањето на Стратегијата за родово одговорно буџетирање, МТСП во соработка со канцеларијата на УН жени, одржа конференција. Министерствата и општините кои веќе имаа направено анализа на определени буџетски програми и кои доставија родово буџетски изјави, го пренесоа своето искуство и предизвиците со кои се соочувале во текот на нивното работење.

Реализирани се две регионални работилници (во Битола и Тетово), со комисиите и координаторите за еднакви можности во единиците на локалната самоуправа, со цел надминување на проблемите со кој се соочувале во процесот

на внесување на родовата еднаквост во политиките на локалната самоуправа и креирањето на родово сензитивни политики.

Одржани се две обуки наменети за полицајците за концептот на недискриминација, надминување на стереотипите и предрасудите, препознавање и постапување во случај на говор на омраза.

Во септември е завршена евалуацијата на Стратегијата за еднаквост и недискриминација, чија имплементација беше со временска рамка 2012-2015 година. Добиените препораки и заклучоците од истата се вградени во новата Стратегија, за која беше одржана работилница. Нацрт верзијата на новата Стратегија е доставена на коментирање и сугестии до релевантни засегнати страни и по истата се одржа јавна расправа.

Со цел вршење на рекатегоризација на ромските деца кои се запишани во специјалните училишта, беа формирани лекарски комисии кои дадоа наод и мислење за запишаните ромски ученици во 11 специјални училишта во Република Македонија.

### 1.10.4. УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Ова програма е составена од четири потпрограми и тоа:

- Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка;
- Инструмент за претпристапна помош ;
- Развој на човечки ресурси (IPA Компонента IV) и
- Транзициона помош и институционална надградба (IPA Компонента I).

Во делот на четирите потпрограми реализирани се следниве активности:

**I.Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка**

1. По усвојувањето од страна на Владата на РМ на ревидираната Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА-ревизија 2015), во министерството се започна со спроведување на конкретните планирани мерки и активности, во насока на обезбедување на нејзина ефикасна практична имплементација;
2. Во текот на март и април 2015 година, се изготви материјал за редовниот годишен Извештај за остварениот напредок во процесот на пристапување на Република Македонија кон ЕУ, т.е. придонесот на РМ кон годишниот

извештај на Европската комисија за 2015 година, во кој беа прикажани реализираните активности и остварените резултати за периодот од септември 2014 до април 2015 година, за областите и поглавјата кои се во надлежност на министерството. Во јули и август 2015 година се подготви и дополнувањето на Придонесот кон годишниот Извештај на Европската комисија, со кое беа опфатени реализираните активности и постигнатите резултати за периодот од мај до август 2015 година;

3. Во текот на годината, во согласност со воспоставената методологија и динамика за континуирано следење и ажурирање на реализацијата на НПАА, во министерството се изготвуваа и се доставуваа редовните (месечни и квартални) и потребните вонредни извештаи и информации за реализираните активности, согласно со Програмата и остварените резултати од значење за процесот на европска интеграција;

4. Во март 2015 година во Скопје се одржа 11-тиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Република Македонија и Европската унија, на кој покрај останатото, претставници од МТСП ги презентираа позначајните реализирани активности и остварени резултат во текот на изминатиот едногодишен период, во областите опфатени со поглавјата 3.19 Социјална политика и вработување и 3.02 Слободно движење на работници.

5. Во периодот октомври-декември, во МТСП се подготви и новата ревизија на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА - ревизија 2016) за поглавјата и областите што се во надлежност на министерството. При подготовката, во предвид беа земани наодите, забелешките и препораките од редовниот годишен Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2015 година, заклучоците и препораките од одржаните состаноци, приоритетите утврдени во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво помеѓу Република Македонија и Европската унија, како и листата на итни реформски приоритети за Република Македонија (од јуни 2015 година);

6. Од почетокот на годината, во тесна соработка и координација со Европската комисија, Република Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ, го отпочна новиот стратешки механизам на социјално-економскиот дијалог по однос на приоритетите, програмите, политиките и реформите во областа на пазарот на труд, вработувањето, образованието и социјалната политика, во рамките на кој ќе се подготви значајниот стратешки документ, т.н. Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика (*Employment and Social Reform Programme - ESRP*).

МТСП е институција-координатор на овој процес, од македонска страна, а формирана е и посебна Меѓуресорска работна група, која работи на подготовка на „Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика“. Согласно динамиката договорена со Европската комисија, беше подготвен Првиот дел од Програмата, кој на 76-та седница одржана на 26.05.2015 година беше разгледан и одобрен од страна на Владата на Република Македонија. Подготвениот Прв дел на Програмата беше преведен од македонски на англиски јазик и на почетокот на јули е доставен до Европската комисија за разгледување и доставување на коментари и евентуални забелешки од нивна страна. Европската комисија (DG EMPL)своите првични коментари и забелешки на документот ги доставија на 14 декември 2015 година, по што се започна со работа на вградување на коментарите и забелешките добиени од Европската комисија на првиот дел од Програмата, како и на подготовка и на вториот дел од ЕСРП Програмата во кој ќе бидат опфатени конкретните реформи, програми, мерки и активности за адресирање и справување со идентификуваните предизвици.

7. Се ратификува Спогодбата за учество на Република Македонија во програмата на ЕУ „Вработување и социјални иновации 2014 – 2020 (Employment and Social Innovation - EaSi)”, која беше потпишана во Скопје на 30.01.2015 и во Брисел на 30.03.2015. Законот за ратификација на спогодбата меѓу Република Македонија и Европската Унија за учество на Република Македонија во програмата на Европската Унија „Вработување и социјални иновации" беше објавен во „Сл. весник на РМ" бр. 125 од 24.07.2015. Спогодбата предвидува учество во два столба на програмата: „Прогрес“ и „Микро-финансирање и социјално претприемништво“. Со склучувањето на Спогодбата ќе се овозможи организациите од РМ да учествуваат на повиците за грантови и други активности на Европската комисија за модернизација на политиките за вработување и социјална заштита.

Министерството за труд и социјална политика го координира учеството во програмата. По ратификација на Спогодбата, се објавија информации на веб страницата на Министерството и се одржаа консултации за програмата и за објавениот повик за социјално екпериментирање пред контакт лицата од Министерството за труд и социјална политика и заинтересираните организации.

Согласно воспоставената пракса и динамика на доставување на националните извештаи по Европската социјална повелба на Советот на Европа, се работеше на подготовка на третиот Извештај за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба (РЕСП), во кој се опфатени членовите од Првата тематска група

„Вработување, обука и еднакви можности,“, т.е. членовите 1, 15, 20, и 24( референтен период 2009-2014), кои ги има прифатено РМ со ратификацијата на Ревидираната ЕСП. Владата на Република Македонија го усвои Извештајот и истиот е доставен до Генералниот секретар на Советот на Европа.

-Во текот на јануари 2015 година, се потпишаа и се започна со спроведување на Програмата за соработка за периодот 2015-2016 година, меѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ и ГИП Интернационал (Министерство за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог) на Франција.

-На 19 јануари 2015 година, се потпишаа Изјава за намери за соработка на полето на социјалната политика помеѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ и Министерството за семејство и социјални политики на Р.Турција.

- На 4.09.2015 и 22.09.2015, по пат на размена на потписи, во Скопје и Загреб се потпишаа Меморандум за соработка на полето на социјалната политика помеѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ и Министерството за социјална политика и млади на Р.Хрватска.

-Исто така по пат на размена на потписи, на 24.06.2015 во Скопје, и 3.07.2015 во Подгорица се потпишаа Меморандум за соработка во областите на трудот, вработувањето и социјалната политика, помеѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ и Министерството за труд и социјална грижа на Црна Гора.

-На 26 мај 2015 година, во Прага се потпишаа Меморандум за соработка во областа на трудот, вработувањето и социјалната политика помеѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ и Министерството за труд и социјални прашања на Република Чешка.

-Во текот на декември 2015 година, се спроведоа подготвителни активности за билатерално усогласување на текстот на Меморандумот за соработка во областа на трудот и социјалната политика меѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ и Министерството за труд и социјална заштита на Руската Федерација, како и усогласување на терминот за негово потпишување. Се очекува документот да се потпише во текот на втората половина на 2016 година.

-Од почетокот на втората половина на 2015, во тек е билатерално усогласување на текстот на Меморандумот за соработка во областите на трудот и социјалните прашања меѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ и Министерството за труд и социјална заштита на населението на Р. Азербејџан. Се очекува документот да се потпише во текот на втората половина на 2016 година.

## II. Инструмент за претпристапна помош

### Реализирани активности во 2015 година

Во врска со ИПА програмскиот период по 2014 година (ИПА II) за секторот „Образование, вработување и социјална политика", во соработка со Министерството за образование и наука, се подготвија програмските документи за средствата за 2015 и 2016 година, кои во јуни беа доставени до Европската комисија на одобрување. Програмските документи предвидуваа подобрување на пристапот до квалитетно стручно образование и обука, обезбедување на поголема синергија помеѓу потребите на пазарот на трудот и образовниот систем, како и унапредување на пристапот и инклузивноста на пазарот на трудот.

Во јули, Европската комисија извести за одлуката да не се финансира овој сектор со програмите за 2015 и 2016. Секторот би продолжил да се финансира со програмите од 2017, доколку се исполнат критериумите за секторски пристап во ИПА II. Имено, користењето на ИПА II е засновано на т.н. секторски пристап во водењето на политиките во секторот. Експерти ангажирани од Делегацијата на ЕУ, направија оценка на степенот на исполнетост на критериумите за секторски пристап во секторот „Вработување и образование" (релевантни и остварливи секторски политки/реформи, институционалната поставеност, лидерство и капацитет, секторска и донаторска координација, среднорочна буџетска перспектива, сеопфатен систем за оценка на ефективноста на политиките, ефективно управување со јавните финансии и алокација на ресурси). За критериумите, кои во оваа фаза целосно или делумно не се исполнети, развиен е Патоказ (среднорочна временска рамка) за нивно целосно исполнување. Исто така, ресорните министерства предложија проект со план за олеснување на преминот од програмски кон секторски пристап и за зајакнување на капацитетите на националните институции за формулација на единствена, кредибилна и релевантна стратешка рамка за секторот образование, вработување и социјално вклучување, како и

за координација и мониторинг на секторските политики . Проектот се потпиша во декември 2015 година, и со имплементација започна во јануари 2016.

Во окотмври 2015 се воспостави работна група за сеопфатна секторска и донаторска координација на политиките и програмите во секторот „Образование, вработување и социјална политика“,

## III.Развој на човечки ресурси (IPA Компонента IV)

### Реализирани активности во 2015 година

Во секторот „Вработување“ од Оперативната програма за развој на човечки ресури 2007-2013 се имплементираат 12 проекти, во вредност од 8,4 мил. евра насочени кон зајакнување на административните капацитети на АВРМ, модернизација и адаптација на 12 центри за вработување и набавка на опрема за подобрување на условите за опслужување на невработените лица, директна поддршка на невработените лица преку три активни мерки за вработување, унапредување на социјалалниот дијалог, зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд, како и унапредување и развивање на алтернативни мерки и услуги за грижа на деца.

Во секторот „Социјално вклучување“ од Оперативната програма за развој на човечки ресури 2007-2013 се имплементира проект насочен кон развој и воведување на стандардизирани услуги за професионална рехабилитација и професионална асистенција на лицата со посебни потреби и за надградба на базата на податоци за социјалните услуги, како и проект за модернизација и адаптација на 19 центри за социјална работа (28 објекти од кои 19 ЦСР и 9 Дневени центри за деца/младинци со посебни потреби ).

Во декември 2015 година започна реазлизацијата на 26 грант проекти од грантовата програма „Социјална инклузија и вработување“ во висина од 3,6 милиони евра од страна на невладини организации, социјални партнери, локалната самоуправа, центрите за социјална работа, образовните институции преку спроведување на стручни обуки, мотивациски обуки, згрижување деца/возрасни, мерки за вработување на најранливите, поддршка на локални акциски планови за социјална инклузија, развој и поддршка на постојните мрежи/групи во поддршка на социјалното вклучување. Исто така, во висина од 0.2 милиони евра од ноември се обезбедува техничка помош за корисниците на

грантови за поефикасна имплементација, управување и следење на проектите од оваа грантовата програма, како и поддршка на Оперативната структура во администрирање и следење на имплементацијата на активностите од започнатите 26-те грант договорите кои ќе се спроведуваат во период од 15 до 20 месеци.

Во јули 2015 година беше одобрен проектот за поддршка на активни мерки за вработување на млади лица во висина од 3,2 мил. Вредноста на склучениот договор/грант,, времетраењето / конкретните поектни активности ќе се дефинираат во текот на процесот на преговори со МФ/ЦФЦД и ДЕУ- Скопје Во тек е постапката за доделување на неповрати средства (грантови) „Социјална инклузија и вработување на локално ниво“ во висина од 2 милиони евра за интеграција на лицата кои се социјално исклучени и дискриминирани на пазарот на трудот и општеството во целина.

Називот на проектите, висината на средствата кои се одобрени за истите и целите, се опишани во глава 1.10.4. Усогласување со правото на ЕУ и меѓународна соработка, поточно во точката II и III. Инструмент за претпристапна помош- Развој на човечките ресурси ( ИПА Компонента IV).

Преземени се и активности за понатамошно зајакнување на административните капацитети за спроведување на ИПА 1 (ОП РЧР 2007-2013) и ИПА 2.

## IV.Транзициона помош и институционална надградба (IPA Компонента I)

### Реализирани активности во 2015 година

Се имплементира Твининг проектот во партнерство со конзорциумот Велика Британија- Романија-Портругалија во висина од 0.9 милион евра, за зајакнување на националните капацитетите во областа на родовата рамноправност како клучна за човековите права и фундаменталните слободи.

Во рамки на Националната програма за 2011 година, се склучи договор за проектот кој во текот на 2016 и 2017 ќе обезбеди поддршка на процесот на локална интеграција и вклучување на раселените лица (бегалците и внатрешно раселените лица) и немнозинските групи (Роми), преку зајакнување на капацитетите на државната администрација и капацитетите за имплементација и поголема оддржливост. Се склучи и Твининг договор за обезбедување на техничка помош и трансфер на шпанското искуство за зајакнување на административните капацитети во превенцијата и заштитата од дискриминација. Покрај тоа, Владата на РМ одлучи и со потпишување на амандман кон финансиската спогодба за Национална програма 2011 од ИПА компонента 1 од 18.11.2015 ги пренамени средствата во висина 2,7 милиони евра за санирање на штетите од поплавите иницијално наменети за изградба на 100 станбени единици и со тоа се откажа проектот „Поддршка на процесите на локална интеграција на бегалците, внатрешно раселените лица и малцинските групи“ .

### 1.10.5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ-ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА

Оваа програма е составена од две потпрограми и тоа:

- Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти и
- Развој на информатичката технологија.

Во потпрограмата Тековно – инвестиционо вложување, изградба, реновирање и опремување на објекти во 2015 година,

**I.Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти**

*Реализирани активности во 2015 година*

Во овој период преадаптирани се или изградени следните објекти:

- Дневен центар за стари лица во Виница во населено место Истибања;
- Детска градинка-Црниче-Кисела Вода;
- Детска градинка-Припор-Кисела Вода ;

- Детска градинка-Истибања-Виница;
- Детска градинка-Лозово;
- Детска градинка- Ѓорче Петров;
- Дневен центар за деца со посебни потреби- Валандово;
- Дневен центар за лица со посебни потреби-Липково;
- Дневен центар за зависници од дрога- Кавадарци;
- Дневен центар за деца со аутизам во Штип
- Дом за стари лица – Берово;
- Дом за стари лица – Илинден населено место Марино;
- Дневен центар за деца со оштетен вид- Велес;
- Дневен центар за деца со пречки во развојот- Кочани;
- Детска градинка-Липково;
- Детска градинка-Сарај;
- Детска градинка-Чешиново – Облешево;
- Детска градинка-Гостивар и
- Детска градинка- Кочани – треба да се отвори.

Ќе се продолжи со градба и опремување на следните дневни центри- објекти:

- Дневен центар за стари лица- Богданци –градежни работи и опрема во тек;
- Дневен центар за деца со аутизам-Охрид-опрема;
- Дом за стари лица – Охрид-опрема;
- Дневен центар за деца со даунов синдром- Скопје- реновирање и опрема и
- Дневен центар за стари лица-Скопје-реновирање и опрема.

**II.Развој на информатичката технологија**

Набевени се 12 нови компјутери и 3 печатачи.
Пуштени се во продукција сите процеси во ДМС.

### 1.10.6. ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МТСП ЗА 2015 ГОДИНА

*Во 2016 година, се реализирани следниве активности:*

Реализацијата на Буџетот се одвиваше со предвидената динамика на реализација на заостанатите и превземени обврски од 2015 година, редовно се вршеше исплата на надоместоците според програмите и потпрограмите врз основа на кои е донесен и усвоен Буџетот на МТСП за прва и втора буџетска линија.

*Извршување на Буџетот и управување со средства*

Реализацијата се одвиваваше со предвидена динамика на презамени обврски и тоа:

- Социјалните и детските права;
- Трансферите кон ПИОМ и АВРМ;
- Трансферите за Фондот за здравство;
- Поврат на придонесите од плати за заштитните организации кои имаат вработено инвалидни лица;
- За Проектот енергетска сиромаштија;
- Бањско климатско лекување и рекреација
- Бесплатен туристички викенд
- Бесплатно зимување и летување на деца од социјален ризик;
- Плати и надоместоци за вработените и
- Материјални трошоци, тековно инвестиционо одржување и други исплати предвидени со Буџетот и буџетските планови.

Во следните шест месеци ќе се реализираат сите планирани и превземени обврски по програмите прифатени со Буџетото на МТСП.

*Управување со човечки ресурси*

Во текот на 2015 година работните процеси за управување со човечки ресурси беше фокусирана на две генерални подрачја и тоа:
1) Персонален менаџмент и
2) Развој на човечките ресурси.
Во доменот на персоналниот менаџмент и јакнење на капацитетите, беа реализирани активности поврзани со вработувањето и селекцијата на потенцијалните кандидати за државен службеник со соодветен степен и вид на образование, вклучително и според програмата Д10

Се донесе Правилник за внатрешна организација на министерството (од 26.08.2015 година), и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика ( од 26.08.2015 година). Со донесување на овие два акти, отпочна процесот на внесување податоци во електронскиот систем на МИОА, за Информацискиот систем за управување со човечки ресурси.

Беше координиран процесот на спроведување периодичен здравствен преглед за вработените во МТСП и единките корисници од обласста на социјалната заштита.

Во делот на развојот на човечки ресурси, спроведени се генерички обуки за различни теми, поврзани со потребите на вработените од различни звања и работни места на следниве теми:

- Обука за антикорупциски мерки и етика во државната служба – четири стручни државни службеници;
- Обука за административно работење – еден стручно –административен државен службеник;
- Обука за развој на човечки ресурси - еден стручен државен службеник;
- Систем за управување со учењето - еден стручен државен службеник;
- Обука за Е-влада – еден стручен државен службеник;
- Обука за обучувачи – вештини на предавање – два стручни административни службеници;
- Обука за обучувачи за менторство - еден стручен државен службеник и
- Стратешко планирање и буџетирање (организатор ГС)-20 стручни државни службеници.

Во поглед на специфичните тематски единици беа спроведени обуки:

- Работна група за недискриминација – четири стручни административни службеници;
- Имплементација на Законот за еднакви можности и превенција и заштита од дискриминација;
- Превенција од трговија со луѓе;

- Родово одговорно буџетирање;
- Обезбедување ефективни механизми за спречување и заштита од дискриминација;
- Малолетничка правда;
- Електронско водење на педагошка евиденција и документација;
- Развој на вештини во водење на преговори;
- Достапна администрација за лица со хендикеп втор циклус;
- Нов пристап во проценката и третманот на аутизмот и
- Социјална политика и вработување

*Внатрешна ревизија*

**Реализирани активности во 2015 година**

1. Ревизија на материјално – финансиското работење во ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми "25-ти Мај" - Скопје, за 2013 и 2014 година;
2. Ад – хок ревизија на материјално – финансиско работење во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Битола, за 2014 година ;
3. Ад – хок ревизија на системот на внатрешна контрола за Програмата за згрижување на внатрешно раселените лица во Република Македонија;
4. Ревизија на материјално – финансиското работење во ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми "25-ти Мај" - Скопје за 2013 и 2014 година;
5. Ревизија на системот за внатрешна контрола во Секторот за финансиски прашања за 2014 и 2015 година.

*Правни, општи и заеднички работи*

*Реализирани активности во 2015 година*

Подготвени се правни акти кои се од заеднички интерес на сите органи и сектори, наредби, укажувања за донесени прописи, решенија, овластувања, акти кои се од заеднички интерес на МТСП, а се однесуваат на

канцелариското работење (опис и попис на архивска граѓа од трајна вредност и документиран материјал за уништување со изминат рок на чување, согласно со закон и уредбата за постапување со документиран материјал), Подготвена е Книга за евиденција на недвижни ствари во МТСП, подготвени се одлукии за продажба на недвижни ствари-детски одморалишта, подготвени се одлуки за давање на користење недвижни ствари на МТСП, одлуки за давање на трајкно користење на движни ствари, постапување по судски спорови, платни налози, соработка со Државното правобранителство на РМ за предмети во кои ДП на РМ се јавува како законски застапник на државните органи, подготвено е Упатство за постапување на вработените во МТСП во случај на проверка со „Алхо тест„ и анализа на крв во медицинска установа .

## 1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2016 ГОДИНА

### 1.11.1. ПАЗАР НА ТРУДОТ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОЦИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

*Реализирани активности во 2016 година*

Оваа програма е составена од четири потпрограми и тоа:

- Политики за вработување;
- Трудово право;
- Социјален дијалог и
- Одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.

**I.Политики за вработување**

Верификувани се 27 програми за 16 институции кои ќе вршат обуки. Исто така, се продолжи со имплементација на Проектот “Форуми со работодавачи”, во рамките на кој се одржаа 31 форуми, на кои присуствуваа 328 работодавачи. Продолжи имплеменатцијата на Проектот – “Инфосредби”, при што се остварени 80 средби на кои

учествуваа 2.713 невработени млади лица. Продолжи имплементациијата на Програмата –субвенционирање на вработување на корисници на социјална парична помош.Од 02.06.2016 година, објавен е нов јавен оглас на кој до 27.06.2016 година аплицирале вкупно 14 работодавачи кои побаруваат 21 лице, и 338 заинтересирани невработени лица. Во април заврши со имплементација Проектот "Македонија вработува". Во второто полугодие од 2016 година започна со имплементација Проектот "Македонија вработува 2".

Се имплементира Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, со кој е планирано да се опфатат 37.572 лица за што се обезбедени 720.951.850 денари и неговата имплементација е во завршна фаза.

## II.Трудово право

Направени се измени и дополнувања на следните закони:

- Со Законот за општата управна постапка се усогласија следниве закони: Закон за упатување работници од Република Македонија во други држави за изведување на градежни работи преку проектни договори и за вршење на други сезонски работи, Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за работните односи, Закон за агенции за привремени вработувања, Закон за мирно решавање на работни спорови, Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Сл. весник на РМ" бр.30/2016). Со измените на законите се предвиде пропишување на обрасци на барањето за остварување на право, се скратија роковите за остварување на правата, се уреди електронска размена на податоци меѓу институциите и поголем дел од податоците кои се потребни на странката за остварување на правото ќе се прибавуваат по службена должност.

Се измени и дополни Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ("Сл. весник на РМ" бр. 118/16) со што се овозможува, за период од една година, работодавачите да можат да аплицираат за користење на мерката за ослободување од плаќањет на социјални придонеси и/или персонален данок на доход за повеќе категории на невработени лица. Законот стапи на сила на 28.06.2016 година и согласно истиот работодачите во рок од една година може да поднесуваат барања за користење на ослободувањето.

Согласно со член 19 од Уставот на Меѓународната организација на трудот, земјите членки имаат обврска да поднесуваат извештаи до Меѓународната организација на трудот во Женева, во однос на нератификуваните конвенции и препораки. Во оваа смисла, беше изготвен и испратен извештајот во однос на Конвенција за промотивна рамка за безбедност и здравје при работа, 2006 (бр.187) и Препорака за промотивна рамка за безбедност и здравје при работа187 (бр.197), Конвенција за безбедност и здравје во градежништвото, 1988 (бр. 167) и Препорака за безбедност и здравје во градежништвото, 1988 (бр. 175), Конвенција за безбедност и здравје во рудниците, 1995 (бр. 176) и Препорака за безбедност и здравје во рудниците, 1995 (бр. 183), Конвенција за безбедност и здравје во земјоделството, 2001 (бр. 184), и Препорака за безбедност и здравје во земјоделството, 2001 (бр. 192). Во рамките на редовното известување по однос на примената на ратификуваните конвенции на Меѓународната организација на трудот, во месец октомври, до канцеларијата на МОТ ВО Женева , испратени се извештаите за примената на следните 18 конвенции: Конвенција за право на здружување во земјоделието, 1921 (C 11), Конвенција за компензација на работниците во земјоделието, 1921 ( C 12) , Конвенција за еднаков третман (компензација за несреќи) , 1925 (C 19), Конвенција за осигурување во случај на болест во индустријата, 1927 (C 24), Конвенција за осигурување во случај на болест во земјоделието, 1927 (C 25), Конвенција за принудна работа, 1930 (C 29) , Конвенција за трудова инспекција, 1947 (C 81), Конвенција за социјална сигурност (минимум стандарди), 1952 (C 102 ), Конвенција за укинување на принудната работа, 1957 (C 105), Конвенција за медицински прегледи на рибарите, 1959 (C 113) , Конвенција за договорите на рибарите, 1959 (C 114), Конвенција за надоместоци за повреда, (C 121 ), Конвенција за сместување на рибарските посади, 1966 (C 126 ), Конвенција за трудова инспекција во земјоделието, 1969 (C 129), Конвенција за минимална возраст, 1973 (C 138) , Конвенција за работниците со семејни обврски, 1981 (C 156), Конвенција за престанок на работниот однос, 1982 (C 158) Конвенција за азбест, 1986 (C 162) и Конвенцијата за најлошите форми на детски труд, 1999 (C182) .

## III.Социјален дијалог

Претставници на социјалните партнери во јуни 2016 година, учествуваа на годишната конферација на МОТ во Женева, во состав на делегацијата на Република Македонија.

Продолжи со реализација Проектот "Унапредување на социјалниот дијалог". Во рамки на Проектот одржани се 8 обуки за помирувачи и арбитри, во рамките на кои се обучени 90 лица и издадени се 41 лиценца на помирувачи и арбитри. Покрај тоа, оддржани се повеќе тематски обуки за членовите на ЕСС и ЛЕСС-те, на теми кои се однесуваат на политика и утврдување на плати, вклучувајќи и минимална плата, социјална сигурност и заштита, безбедност и здравје при работа, макроекономски концепт, вклучувајќи неформална економија и управување со проектен циклус, меѓународни стандарди на трудот и агенции за привремени вработувања, родова еднаквост и недискриминација и политики за вработување.

Основани се 3 нови Локални Економско – социјални совети во општините Кичево, Радовиш и Струга.

Во октомври се одржа и Подрегионална конференција со високи претставници на тема ефективни механизми за мирно решавање на работни спорови.

Од страна на ЕСС усвоени се Комуникациска стратегија и план за ЕСС и Трипартитен акциски план за унапредување на колективното договарање.

Во рамки на Проектот „Поддршка во борбата со непријавена работа", во првата половина на 2016 година потпишан е Договорот за соработка меѓу Министерството за труд и социјална политика, Државниот инспекторат за труд и социјалните партнери во Република Македонија.

Продолжи процесот на колективното договарање, односно потпишан е Колективниот договор за енергетика.

## IV. Одлучување по прекршоци од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа

*Реализирани активности во 2016 година*

Реализирани се активности кои се во функција на зголемување на свеста на работодавачите за почитување на законите за овозможување на остварување на предвидените права, вклучување на работниците во организиран

процес на работење и обезбедување на безбедна и здрава животна средина на работните места . Согласно со тоа, во овој период, се реализирани следните активности:

- Добиени се 101 барање за поведување на прекршочна постапка;
- Доставени се 87 известувања до сторителите на прекршокот за поведување на прекршочна постапка и нивно произнесување по наводите во прекршочното барање;
- Поднесени се 55 барања до овластените подносители за дополнување на прекршочните барања;
- Донесени се 30 заклучоци за отфрлање на прекршочните барања;
- Донесени се 115 прекршочни одлуки со изречени санкции, согласно со закон;
- Донесени 2 решенија со кои е одлучено по поднесено барање за повторување на постапка како вонреден правен лек;
- Доставени се 83 одговори на тужба до Управен суд;
- Доставени се 78 одговори на жалба до Вишиот управен суд;
- Доставена е 1 жалба од Прекршочната комисија преку Државното правобранителство до Вишиот управен суд против пресуда на Управниот суд со која е поништено правосилно и извршно решение на Прекршочната комисија
- Доставени се 85 жалби до Државната комисија за одлучување во втор степен од обласста на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка;
- Доставени 65 предмети, кои откако административно се вратени од Државната комисија и од Управниот суд, повторно се доставени до Државната комисија заради одлучување по поднесената жалба;
- Доставени се 255 барања до Управен суд за известување за поведување на управен спор против решение на прекршочна комисија;
- Доставени се 216 барања до Централен регистар на Република Македонија;
- Доброволно се платени 12 правосилни и извршни прекршочни одлуки од сторителот на прекршокот;
- Доставени се 334 правосилни и извршни прекршочни одлуки до УЈП за присилно извршување;
- Доставени се 73 опомени за плаќање на административна такса по поднесена жалба против решение на прекршочната комисија;

- Доставени се 60 барања до Државна комисија за одлучување во втор степен по прекршоци, заради известување за поднесена жалба против решение на прекршочна комисија и
- Доставени се 32 предмети со списи до Државната комисија за одлучување во втор степен по прекршоци, по заведен управен спор, против одлуки на Државната комисија.

## 1.11.2. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

Оваа програма е составена од следниве потпрограми:

- Социјална заштита
- Инспекциски надзор над остварувањето на материјалните социјалните права и услуги од социјална заштита и заштита на децата;
- Пензиско и инвалидско осигурување;
- Заштита на децата;
- Поддршка на развојот на Ромите и
- Поддршка на координација и развој на демографски политики.

### I. Социјална заштита

*Реализирани активности во 2016 година*

Се измени и дополни Законот за социјалната заштита (“Сл. весник на РМ” бр.173/15), со измените се создаде основ за зголемување на висината на социјалната парична помош и постојана парична помош за 5% , почнувајќи со исплатата во јули 2016 година.

Се изменија Правилникот за социјалната парична помош и Правилникот за постојана парична помош (“Сл. весник на РМ” бр.173/15), со кој паричните средства примени преку брзиот трансфер на пари не се засметуваат како имот и имотни права на корисникот.

Донесени се и повеќе документи и тоа :

- Усвоен е Оперативен план 2016 за имплементација на Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020;

-Усвоен е Оперативен план за 2016 за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021;

- Изготвена е Национална стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство 2016-2020;

- Донесена е Програма за условен паричен надоместок за средно образование, за учебната 2015/2016 година ("Сл. весник на РМ” бр.143/15), која се имплементираше сметано од 1 септември 2015 година и за учебната 2016/2017 година ("Сл. весник на РМ” бр.158/16) ;

- Донесена е Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2016 („Сл. весник на РМ” бр. 2/16), согласно со која, се продолжува со субвенционирање на потрошувачката на енергија за социјално најзагрозените домаќинства во висина од 900 денари, од 1 јули до 31 декември 2016 година и за 2017 година („Сл. весник на РМ” бр. 192/16) со која висината на субвенцијата се покачува на 1000 денари, за доставена платена сметка за електрична енергија или централно греење или платена сметка (фискална сметка) и сметкопотврда за останатите енергенси од 1 јули до 31 декември 2017 година;

- Донесена е Програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, ДДВ и акциза за набавка на патнички автомобили за лица со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети, лица со умерана, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и потполно глуви лица за 2016 година. Врз основа на оваа програма Министерството за труд и социјална политика формираше Комисја за рефундирање на средствата за набавка на патнички автомобили;

- Донесена е Програма за рефундирање на средства платени како carински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2017 година („Сл. весник на РМ" бр.192/16) ;

- Донесена е Програмата за остварување на социјалната заштита во 2017 година („Сл. весник на РМ" бр. 192/16) и

-Донесен е нов Правилник за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој ((„Сл. весник на РМ" бр.172/16).

Formatted: FYRO Macedonian

Согласно со објавениот јавен повик за поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита, склучени се договори за соработка за поддршка на работењето на дневни центри за лица со интелектуална попреченост над 18 години и дневен центар за заштита на деца на улица.

Усвоен е Извештај за преземени мерки и активности за 2015 година и прифатен интегралниот Оперативен план за 2016 година за спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година.

Во прва половона на 2016 година 20 бегалски семјства во целост се интегрирани во општествените текови.

Отворена е безбедна куќа во соработка со граѓански сектор, во која се сместуваат ранливи категории баратели на азил (непридружувани малолетници, самохрани родители со малолетни деца), со предходно изготвено решение за сместување од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа.

Интерсекторска работна група изготви нацрт текст на Национална стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство 2017-2020.

## II. Инспекциски надзор на примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата

***Реализирани активности во 2016 година***

При реализирањето на програмските-стратешки активности за 2016 година, фундаментална придобивка е одржување на континуитет во севкупните заложби за намалување на број на утврдени неправилности, недостатоци во имплементирање на законите и прописите во центрите за социјална работа и установите за социјална заштита,

изречените мерки од страна на инспекторите, како и обезбедување на социјална заштита и сигурност на лицата и семејствата во социјален ризик.

Во рамки на имплементацијата на активностите од Годишната програма за работа за 2016 година, надзорите беа насочи кон подигнување на квалитетот на стручната работа во пружање на права и услуги на граѓаните од областа на социјалната заштита, како и зголемена одговорност на стручните работници во примената на позитивните законски прописи, при што реализирани се вкупно 101 редовни инспекциски надзори и 19 контролнни инспекциски надзори.

По службена должност и иницијативи на граѓани, спроведени се вкупно 94 вонредни инспекциски надзори, од кои најголем дел припаѓаат на претставки кои се однесуваат на обезбедување на услуги од семејно законодавство, инспекциски надзори по службена должност во предмети со утврдена неоснована и противправна исплата на права од социјалната заштита по настаната смрт на корисник.

Постигнат ефект од спроведените надзори се изречените мерки за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности, со што истите резултираат со склучени спогодби на центрите за социјална работа за враќање на неосновано примените средства.

Во областа на детската заштита, во текот на 2016 година реализирани се вкупно 22 редовни инспекциски надзори, и по службена должност и иницијатива на граѓаните спроведени се 21 вонредни инспекциски надзори и 10 контролни надзори.

## III. Пензиско и инвалидско осигурување

### *Реализирани активности во 2016 година*

Извршени се измена и дополнувања на повеќе закони, со цел усогласување со Законот за општа управна постапка и тоа:

-Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (“Сл. весник на РМ” бр. 27/2016), со кој се изврши усогласување со одредбите на Законот за општата управна постапка („Сл. весник на РМ” бр. 124/15);

- Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 30/16);

-Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица (“Сл. весник на РМ” бр. 27/16) и

Со цел усогласување со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и имплементација на проектот Македонија вработува -2, во јуни 2016 година се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување осигурување (“Сл. весник на РМ” бр. 120/2016).

Во втората половина од 2016 година се донесе Закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (“Сл. весник на РМ” бр. 132/2016), со кој се утврди усогласувањето на пензиите за 5% во 2016 година да се изврши со исплатата на ноемвriската пензија. Донесен е Правилник за образецот на барањето и потребната документација за остварување право на старосна пензија, семејна пензија и инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување („Сл. весник на РМ“ бр. 139/16) со којштo се пропиша новиот образец за стекнување право на пензија согласно со одредбите на Законот за општата управна постапка .

*Имплементирани се следните проекти:*

- Се реализираше Проектот “Бањско климатска рекреација на корисници на пензија“ за 2016 година, преку кој се опфатија 4.561 корисници .
- Се реализираше проектот „Бесплатен туристички викенд за корисници на пензија за 2016 година“, преку кој се опфатија 2.173 корисници на пензија и
- Финансиска едукација на јавноста за капиталното финансирано пензиско осигурување, за која цел се. посетени 17 средни училишта.

Се работеше на договорите за социјално осигурување при што:

- Од 1 јуни 2016 година стапи на сила Договорот меѓу Република Македонија и Република Албанија за социјално осигурување;
- На 11 јули се потпиша Административната спогодба за имплементација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Албанија за социјално осигурување;

- Во октомври 2016 година се одржа прв круг на преговори меѓу делегациите на Република Македонија и Руската Федерација за склучување на Договор за социјално осигурување и

- Во ноември 2016 година се одржа експертски состанок меѓу претставници на надлежните институции на Република Македонија и Кралството Данска по однос на Договорот за социјално осигурување.

IV. Заштита на децата

Во 2016 година, се реализирани следниве активности:

*Законска регулатива*

1. Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија" бр.27/16), со цел усогласување со Законот за општа управна постапка;
2. Донесена е Програма за развој на дејноста за заштита на децата за 2016 година („Сл.весник на РМ" бр.2/16),која ги опфаќа пропишаните мерки и активности за заштита и развој на дејноста за заштита на децата;
3. Донесена е Уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца -детски градинки по општини за 2016;
4. Донесена е Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на дејноста за заштита на децата за 2016 година („Сл.весник на РМ" бр.157/16);
5. Донесена е Програма за развој на дејноста за заштита на децата за 2017 година („Сл.весник на РМ" бр.192/16),која ги опфаќа пропишаните мерки и активности за заштита и развој на дејноста за заштита на децата и
6. Донесена е Уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца -детски градинки по општини за 2017 („Сл.весник на РМ" бр.120/16).

Подзаконски акти

- Донесен е Правилник за форма и содржина на прекршочен платен налог ( „Сл.весник на РМ" бр.34/16);

- Донесен е  Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација, начинот на издавање, употреба, одземање и евиденција на издадените и одземените службени легитимации на инспекторите за социјална заштита и заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр.125/16) ;
- Донесен е Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за  формата, содржината и начинот на водење на централниот регистар на установи за деца, регистарот на јавните установи за деца основани од општината и општината во градот Скопје, регистарот на агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст и регистарот на физички лица кои самостојно вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност( „Сл.весник на РМ“ бр.158/16);
- Донесен е Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој ( „Сл.весник на РМ“ бр.159/16) ;
- Донесен е Правилник за начинот на спроведување на годишното интервју и оценувањето како и формата и содржината на извештајот за годишното  интервју и на образецот за оценување на давателите на јавни услуги во јавните установи за деца („Сл. Весник на РМ“ бр.168/16) ;
- Донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Сл.весник на РМ“ бр.170/16) и
- Донесена е  Одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела“во времето од 3.10. до 9.10.2016 година (Сл. Весник на РМ бр.181/16).

<u>Акти (детски градинки/центри за ран детски развој) :</u>

- Дадено Решение за вршење на дејност и отпочнување со работа во општините:  Ѓорче Петров (за 120 деца), Бутел (за 120 деца), Прилеп (за 60 деца), Аеродром (за 50 деца) и Кисела Вода (за 80 деца);
- Дадена согласност за формирање на група во јавна општинска установа за деца -детска градинка, за вршење на дејност згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во други просторни услови во општините: Кисела Вода – 1 група во други просторни услови  (за 20 деца), Прилеп и тоа во с. Беровци 1 група, со капацитет за 25 деца; во с.Канатларци, 1 група со капацитет за 25 деца и во с. Големо Коњари 1 група, со капацитет за 25 деца, с. Пештани – Охрид за 25 деца,

- Дадено Решение за вршење на дејност и отпочнување со работа во приватни установи за деца - детски градинки: Британска детска Академија Скопје (за 45 деца) и Лилипут Дворче – Скопје (за 70 деца);
- Дадено Решение за вршење на дејност и отпочнување со работа на Приватна установа за деца - центар за ран детски развој – Волшебно Сонце - Битола (за 60 деца), Битола со капацитет за (60 деца) и Решение за приватна установа за деца - детска градинка - Скопје (за 70 деца) ;
- Дадено Решение за вршење на дејност и отпочнување со работа, во пет општини, два објекти во состав, еден промена на просторни услови и два нови објекти, сите со вкупен капацитет од 600 деца.
- Издадени решенија за отварање на 10 центри за ран детски развојво состав на ЈОУДГ и тоа 2 во општина Куманово, 5 во општина Битола и 3 во општина Тетово и
- Издадено решение на Општина Кривогаштани, н.м Обршани, за формирање на Јавен центар за ран детски развој.

ПРОЕКТИ:

- Зголемување на фондот за набавка на логички игри;
- Бесплатна услуга за одмор и рекреација на деца;
- Зголемување на капацитетите за згрижување и воспитание и
- Градини во детски градинки.

Активности со УНИЦЕФ

Во соработка со УНИЦЕФ реализирани се обуки во 10 пилот градинки за инклузија во предучилишно воспитание и образование и тоа "Обука за формирање на инклузивни тимови" и "Обука за изработка за индивидуален развоен план", а во првата половина на месец јуни 2016 години реализирана е обука уште во 10 градинки за инклузија во предучилишното воспитание и образование. Во соработка со УНИЦЕФ реализирана се исто така една обука за првата група на 10 пилот градинки за инклузија во предучилишно воспитание и образование на тема "Стратегии и практики за подобрување на функционирањето на малите деца со развојни потешкотии во предучилишните установи", две обуки за втората група на 10 полит градинки на теми: "Проценка и идентификација на потребите за

рано учење кај деца со потешкотии во развојот”, „Изработка на индивидуален план за поддршка на учество и функционирање на децата со потешкотии во развојот” и Обука за електронско водење на педагошката евиденција и документација на 12 приватни детски градинки, 4 приватни центри за ран дексски развој и 3 детски градинки организирани како организациони единици.

Проектот „За децата со пречки во развојот“ кој што се реализира од страна на УСАИД и ЛЦИФ-Скопје во период од јуни 2016 до јуни 2019 година, во првата година истиот ќе се реализира во детските градинки во Скопје, а во текот на втората година во останатите детски градинки во Република Македонија.

Во текот на годината, со лиценца за работа се стекнале 531 лице од кои: 350 лица за негивател, 145 за воспитувач, 66 за стручен работник/соработник и 2 за директор. Спроведена е една обука за директори, која е услов за полагање на стручен испит за стекнување на лиценца за директор, на која учествувале 11 лица од пријавени 13.

Во текот на годината реализирани се 41 стручни надзори во ЈОУ-ДГ и 1 стручен надзор во ПУ-ДГ.

V. Поддршка на развојот на Ромите

**Реализирани активности во 2016 година**

Продолжија со имплементација активностите во согласност со Националните акциони планови од Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015.

МТСП во соработка со Ромскиот едукативен фонд (РЕФ) веќе десет години по ред го имплементира проектот „Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи - детски градинки“.

Во текот на учебната 2015/2016 година, беа опфатени околу 650 деца Роми во 19 општини во Р М.

Во текот на месец мај 2016 година, подготвена и доставена е нова двегодишна апликација за период 2016 - 2018 година за проектот и доставена до донаторот РЕФ.

Продолжи имплементацијата на програмата за ромски здравствени медијатори, програмата за стипендирање и менторирање на ученици Роми вклучени во средно образование (за учебната 2015/2016 година селектирани се вкупно 582 средношколци за стипендија и менторска поддршка).

Со поддршка на донатори двата нови РИЦ-а (Ѓорче Петров и Кичево) продолжија да работат до март 2016 година.

Во јануари започна спроведување на проектот 'Local Integration of Refugees, Internally Dispalced Persons and Minority Groups - European Aid',и истиот ќе се реализира во период од 18 месеци.

Во јануари, се одржа регуларна средба на Националното координативно тело, одговорно за спроведување на Стратегијата на Роми.

Во март се оддржа состанок, организиран од страна на Делегацијата на ЕУ во тесна соработка со МТСП и кабинетот на министерот Мустафа и СЕП. На овој состанок учествуваа околу 20 ромски невладини организации и претставници на релевантни институции и меѓународните организации. На состанокот се дискутираше за освртот и рефлексијата по однос на прашања поврзани со Ромите, содржани во извештајот на ЕУ за напредокот во 2015 година.

Министерството за труд и социјална политика во соработка со ОБСЕ во мај во Охрид, организира работилница за координација и подготовка на Оперативен план за работа на РИЦ од областа на вработувањето и социјалната заштита.

Продолжи со имплементација РОМЕД програмата која се спроведува преку медијација како мерка што се користи низ Европа за справување со нееднаквостите, со кои се соочуваат Ромите во однос на пристапот до вработување, здравствените услуги и квалитетот на образованието. Потпишани се Меморандуми за соработка со Советот на Европа за вклучување во РОМЕД 2 со општините Дебар, Кочани, Берово и Кичево.

Согласно со Стратегијата за Ромите подготвени се националните планови за вработување, домување, образование и жената Ромка и истите се усвоени на 28та седница од страна на Владата на РМ.

Продолжи имлементацијата на проектот "Regional support facility for improving the capacity to make real progress on Roma inclusion" имплементиран од страна на МТСП, Агенцијата за вработување и канцеларијата на УНДП и

актуелните можности за вработување содржани во Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активни мерки за вработување 2016 година.

Во јули, во организација на Делегацијата на ЕУ, се оддржа работен состанок со 20 ромски невладини организации, претставници на релевантни институции, на кој се разговараше на следниве теми:

- Најнови случувања во ЕУ во однос на Ромските политики и програмите на ЕУ;
- Подготовка на наредниот Семинар за Роми и (организација на презентациите по приоритетни области) и
- Состојби и проблеми со кои се соочуваат Ромските невладини организации.

Во септември, со почетокот на учебната 2016-2017 година, повторно започна реализацијата на проектот Инклузија на деца Роми во ЈОУД, со што се планирано до крајот на учебната година да бидат опфатени вкупно околу 620 деца, а во текот на октомври – ноември, направени се мониторинг посети на сите 19 ЈОУДГ, вклучени во проектот.

Започна спроведување на проектот 'Local Integration of Refugees, Internally Dispalced Persons and Minority Groups - European Aid', кој има за цел зајакнување на политиките на национално и локално ниво и градење на капацитетите на структурите за имплементација на активности за подобрување на состојбата на бегалците и внатрешно раселените лица Роми во земјата и Ромите како немнозинска група во Република Македонија и истиот ќе се спроведува 18 месеци. Во рамките на проектот оддржана е обука на тема "Планирање, мониторинг и евалуација на стратегии, програми и проекти" наменета за вработените на одделението за спроведување на Стратегијата, Кабинетот на Министерот без ресор, Национален координатор на Декадата и Агенцијата вработување на Република Македонија.

Во 12 општини формирани се локални координативни тела за спроведување на активности во рамки на Стратегијата за вклучување на Ромите, составени од претставници од релевантните институции и општините на локално ниво.

Подготвени се меморандуми за соработка помеѓу МТСП и сите 12 општини, кои во текот на ноември се пристапи кон нивно потпишување со реализација на директни посети на општините од страна на МТСП и тимот на проектот, каде што истовремено се презентираше оваа компонента од проектот, наменет за формирање на локални координативни тела во рамки на Националното координативно тело, за следење ана Стратегијата на Роми.

VI. Поддршка на  координација и развој на демографски политики

*Реализирани активнсоти во  2016 година*

Врз основа на  усвоената Стратегијата за демографски политики 2015-2024 година, Акциски план - изготвен е Извештај за степенот на реализација за  секоја мерка и активност, согласно со приоритетните области, кои се во надлежност на различни институции.   Од кој може да се види прогресот на реализација на мерките и активностите-по приоритетните области на надлежните институции.

1.11.3.  ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА

Оваа програма е составена од две потпрограми:

- Унапредување на родовата еднаквост и
- Превенција  и заштита од сите форми на дискриминација.

**Реализирани активности во 2016 година**

Реализирани се две студиски посети (Велика Британија и Португалија) преку кои се стекнати нови пракси и беа разменети позитивни искуства во работењето на полето на родовата еднаквост. Во рамки на студиските посети беа посетени повеќе тела од областа  на заштитата на човековите права и тела за родова еднаквост. Подготвена е програма за обуки, кои според предвидената динамика се реализираат во соработка со експерти од соодветната област.

Во соработка со ОБСЕ формирана е работна група за анализа и процена на потребите за изменување и дополнување на Законот за спречување и заштита од дискриминација  и одржана е една работен состанок.

Во март, во рамки на одбележувањето на меѓународниот ден на правата на жените, Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Собранието на РМ одржа седница на тема: „10 години од донесувањето на  Законот за еднакви можности на жените и мажите”, а на истата тема, во соработка со UN Women, се одржа и конференција.

Во рамките на Твининг проектот „Поддршка на имплементацијата на родовата еднаквост”, реализирани се активности насочени кон зајакнување на капацитетите на сите засегнати страни од областа на родовата рамноправност, како клучна за човековите права и фундаменталните слободи, како и кон зголемување на ефективноста и подготвеноста на државата во оваа област, во рамки на подготовките за пристапување кон ЕУ. Согласно со подготвената програма за обуки зајакнати се капацитетите на родовиот пристап на национално и локално ниво за ефективна комуникација и односи со јавност, концепти за работата на министерствата, примена на европското законодавство за унапредување на родовата еднаквост. Во рамки на Проектот се изработи анализа на националното законодавство од областа на родовата еднаквост со препораки за потребни измени за усогласување со законодавството на ЕУ.

Исто така, согласно со Законот за еднакви можности, се изработи годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост.

Со цел транспарентнос во подготовката на ЦЕДАВ извештајот се одржаа три консултативни средби во (Скопје, Битола и Штип).

Реализирани се две регионални сосотаноци со координаторите за еднакви можности од штипскиот и битолскиот регион.

## 1.11.4. УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Ова програма е составена од четири потпрограми и тоа:

I. Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка;

II. Инструмент за претпристапна помош;

III. Развој на човечки ресурси (IPA Компонента IV) и

IV. Транзициона помош и институционална надградба (IPA КомпонентаI).

Реализирани активности во 2016 година

I.Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка

- Во текот на март и април 2016 година, се изготви материјал за редовниот годишен **Извештај за остварениот напредок** во процесот на пристапување на Република Македонија кон ЕУ, т.е. придонесот на РМ кон годишниот извештај на Европската комисија за 2016 година, во кој беа прикажани реализираните активности и остварените резултати за периодот од септември 2015 до април 2016 година. Во јули и август 2016 година се изготви и дополнувањето на Придонесот кон годишниот Извештај на Европската комисија, за периодот од мај до август 2016 година;
- Во текот на целата година за континуирано следење на реализацијата на НПАА, во министерството се изготвуваа и се доставуваа редовни (месечни и квартални) и по потреба вонредни извештаи;
- На почетокот на март 2016 година во Скопје се одржа **12-тиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Република Македонија и Европската унија**, во областите опфатени со поглавјата 3.19 Социјална политика и вработување и 3.02 Слободно движење на работници;
- Во периодот ноември-декември, во МТСП се подготви и новата ревизија на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (**НПАА - ревизија 2017**) за поглавјата и областите што се во надлежност на министерството. При подготовката, во предвид беа земани наодите, забелешките и препораките од редовниот годишен Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2016 година (кој беше објавен на 9.11.2016 год.), заклучоците и препораките од одржаните состаноци, приоритетите утврдени во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво помеѓу Република Македонија и Европската унија, како и листата на итни реформски приоритети за Република Македонија. За финализирање на подготовката на НПАА, како и во предходните години, во Охрид се одржа и работилница (30.11.2016 – 2.12.2016) на која учествуваа претставници од сите релевантни институции;

- Во текот на годината, во соработка и координација со Европската комисија, се работеше на изготвувањето на стратешкиот документ, т.н. **Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика** - ЕСРП (*Employment and Social Reform Programme*), како една значајна сеопфатна секторска стратешка рамка, во областа на пазарот на труд, вработувањето, образованието и социјалната политика, за периодот до 2020 година. Нацрт текстот на ЕСРП Програмата е подготвен и на почетокот на ноември 2016 година е испратен до ЕК на разгледување и доставување на нивни коментари.
- Во текот на 2016 година, се работеше на подготовка на четвртиот Извештај за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба (РЕСП), во кој се опфатени членовите од Втората тематска група „Здравје, социјална сигурност и социјална заштита“, т.е. членовите 3, 11, 12, и 13, како и анексот кон овој Извештај со дополнителните информации по однос на два членови од Четвртата тематска група „ Деца, семејства и мигранти ", т.е. членовите 7 и 8 за референтен период 2012-2015, а кои членови РМ ги има прифатено со ратификацијата на Ревидираната ЕСП.
- Во текот на 2016 година, е продолжено со успешното спроведување на Програмата за соработка за периодот 2015-2016 година, преку реализација на бројни активности меѓу МТСП на РМ и ГИП Интернационал (Министерство за труд, вработување, професионална обука и социјален дијалог) на Франција. Во рамките на имплементацијата на горенаведената Програма за соработка, во периодот од 30 мај до 3 јуни 2016 година, е реализирана студиска посета во Франција за Методот за регрутирање/вработување преку симулација.
- Во текот на 2016 година, реализирани се бројни активности (т.е., семинари, работилници, експертски мисии), кои произлегуваат од потпишаниот Меморандум за соработка во областа на трудот и социјалната политика помеѓу Министерството за труд и социјална политика на РМ и Федералното министерство за труд, социјални прашања и заштита на потрошувачи на Австрија.
- На 25 август 2016 година, се потпишаа Писмо за намера за соработка во областа на вработувањето и социјалната политика, помеѓу МТСП на РМ и Европскиот центар за социјална политика и истражување при ООН, со седиште во Виена-Австрија.
- На 20 октомври 2016 година, се потпишаа Меморандум за разбирање помеѓу МТСП на РМ и Министерството за труд и социјална заштита на Руската Федерација, за соработка во областа на трудот и социјалната политика.

- Во текот на 2016 година, се работеше на билатерално усогласување на текстот на Меморандумот за разбирање за соработка во областите на трудот и социјалните прашања меѓу МТСП на РМ и Министерството за труд и социјална заштита на населението на Р. Азербејџан.
- Исто така, се работеше и на билатерално усогласување на текстот на Меморандумот за соработка во областите на трудот и социјалната сигурност помеѓу МТСП на РМ и Министерството за човечки ресурси и социјална сигурност на Народна Република Кина.

II. Инструмент за претпристапна помош

За секторот "Образование, вработување и социјална политика" се подготви Секторски плански документ 2017-2020 и Акциска програма за 2017. Првата верзија на Секторскиот плански документ се достави до Делегацијата на ЕУ на крајот од јули 2016, додека Акциската програма за 2017 се достави во ноември 2016. Во тек е усогласување на двата документи со Делегацијата на ЕУ.

Се конституираше и почнувајќи од ноември 2015 на квартална основа се состанува работна група која треба да обезбеди координација и соработка на сите релевантни организации и донатори во секторот "Образование, вработување и социјална политика". Работната група ја сочинуваат претставници од сите релевантни институции, а учествуваат и претставници на репрезентативните организации на работодавачи и синдикати. Во март 2016 се одржа информативна сесија за граѓанските организации на која истите се информираа за секторскиот пристап и програмирањето за 2017 година.

III.Развој на човечки ресурси (IPA Компонента IV)

Во секторот „Вработување“ од Оперативната програма за развој на човечки ресури 2007-2013 во текот на 2016 година се имплементираа 6 проекти, во вредност од 4,2 мил. евра насочени кон зајакнување на административните капацитети на АВРМ, модернизација и адаптација на 12 центри за вработување и набавка на опрема за подобрување на условите за

опслужување на невработените лица, директна поддршка на невработените лица преку три активни мерки за вработување, унапредување на социјалалниот дијалог, и развивање на алтернативни мерки и услуги за грижа на деца. Овие проекти со имплементација ќе продолжат и во текот на 2017 година.

Во секторот „Вработување", на 1 декември 2016 година започна имплементацијата на третиот директен грант на АВРМ "Поддршка на вработување на млади" во времетраење од 12 месеци и буџет од 1,4 милиони евра. Активностите се насочени кон зголемување на вработувањето на младите лица преку четири активни мерки за вработување на млади до 29 годишна возраст ко-финансирани преку ИПА/Европската унија, и тоа: 1. Практиканство за 1000 лица, 2. Напредни ИТ вештини за 220 лица, 3. Обуки за побарувани вештини за 200 лица, 4. Обуки за претприемништво за 900 лица, 5. Обуки за барање на работа за 1400 лица.

Во истиот сектор во насока на поддршка на социјалното претприемништво во РМ од мај 2016 година започна со имплементација проектот "Поттикнување на социјалното претприемништво" во износ од 647.000 евра и истиот ќе се спроведува во период од 18 месеци. Со проектот: 1) ќе се унапредат условите за социјално претприемништво (вклучително и правната рамка), а особено воспоставувањето на разни видови на поддршка на социјалните претпријатија што ги таргетираат лицата во социјален ризик и 2) и поддршка на 10 организации кои што де факто функционират како социјални претпријатија во насока на развој на социјалното претриемништво во земјата.

Исто така во текот на 2016 година се реализираа активности насочени кон унапредување на трипартитниот и бипартитниот социјален дијалог. Зајакнување на институционалниот капацитет на одговорните страни на трипартитниот и бипартитниот социјален дијалог во поглед на нивната одржливост, ефикасност и функционалност за нивно целосно учество и придонес во развојот и спроведувањето на економските и социјални политики, потоа зајакнување на социјалното партнерство на ниво на индустрија/гранка/компанија вклучувајќи координиран и ефективен процес на колективно преговарање и примена на воспоставен и функционален механизам за мирно решавање на работните спорови и спроведување на обуки на специјализирани посредници и арбитри за работни спорови, како и организирање на Регионална министерска конференција за мирно решавање на работни спорови 19-20 октомври 2016 година.

Во секторот "Социјално вклучување" од Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 се спроведува проектот насочен кон развој и воведување на стандардизирани услуги за професионална рехабилитација и професионална асистенција на лицата со попреченост и надградба на базата на податоци за социјалните услуги. Во изминатиот период се изработија сет на документи, предлог стандарди, програма за обука за професионална рехабилитација, предлог документи за пилотирање на активностите професионална рехабилитација и професионална асистенција на лицата со попреченост, како и финкционални спецификација за надградба на базата за подаотоци за социјални услуги , како и функционални спецификација за подобрување на оперативноста и надградба на базата за податоци за социјални услуги .

Проектот за модернизација и адаптација на 19 центри за социјална работа (28 објекти од кои 19 ЦСР и 9 Дневни центри за деца/младинци со попреченост кој што требаше да заврши до 20.5.2016 формално продолжи со имплементација и на 20 октомври 2016 година заврши периодот на имплементација на договорот за градба. Се очекува до крајот на 2016 година во целосно да се заврши со адаптација и модернизација на 15 објекти и првата половина на 2017 година да се завршат сите административни процедури за времено примопредавање на 28-те објекти и да започне периодот од максимум 12 месеци на надминување /санирање на недостатоци од реализираните градежни зафати .

Исто така започна јавната набавка на опрема за 30 центри за социјална работа во висина од 580.000 евра. Предвидено е набавка и инсталација на IT опрема (30 повеќефункционални машини (принтери, скенери, факсови) и 170 компјутери), мебел (488 бироа, 488 столици, 317 столици за странки, 93 метални ормани, итн.), 30 возила и 166 клима уреди.

Од декември 2015 година во времетраење од 15 до 24 месеци се во тек 26 грант проекти од грантовата програма "Социјална инклузија и вработување" во висина од 3,6 милиони евра. Овие грантови се имплементираат од страна на невладини организации, социјални партнери, локалната самоуправа, центрите за социјална работа и образовните институции и преку спроведување на стручни обуки, мотивациски обуки, згрижување на деца/возрасни,

спроведување мерки за вработување на најранливите, поддршка на локалните акциски планови за социјална инклузија, развој и поддршка на постојните мрежи/групи во поддршка на социјалното вклучување, со што ќе се допринесе до поголема социјална инклузија на ранливите категории на лица и нивно полесно вклучување на пазарот на труд.

Исто така, во висина од 0.2 милиони евра од ноември 2015 год. се спроведоа обуки (3 семинари, 3 дводневни работилници, и теренски посети на 26 грант проекти) за корисниците на грантови за поефикасна имплементација, управување и следење на проектите од оваа грантовата програма. Со оваа техничка помош се овозможува поддршка на Оперативната структура во администрирање и следење на имплементацијата на активностите на 26-те грант договори кои се спроведуваат во период од 15 до 20 месеци, како и поддршка на 26-те грант договори/проекти во форма на:

- Размена на теоретско и практично искуство низ обуки и семинари за управување на грантови;
- Консултации, совети и насоки во текот на теренски посети;
- Он-лине поддршка преку форум на веб страната и социјален медиум креирани во рамки и за потребите на овој проект.

Во висина од околу 2 милиони евра од декември 2016 година треба да започнат со имплементација 14 грант договори кои ќе бидат насочени кон: 1) развој и имплементација на социјални услуги на локално ниво за интеграција на мажите и жените кои се социјално исклучени и дискриминирани на пазарот на трудот и општеството во целина, развој на партнерства за вработување на локално ниво (бизнис заедницата и локалните партнери) како и кон: 2) развој и имплементација на мерки и услуги прилагодени на потребите на Ромите со цел за нивно полесно вклучување на пазарот на труд. Грантовите ќе се фокусираат на економските имигранти, лицата без документи, Ромите кои живеат во супстандардни услови и жените Ромки.

IV.Транзициона помош и институционална надградба (IPA Компонента I)

Тековно се имплементира твининг проектот во партнерство со конзорциумот Велика Британија-Романија-Портругалија во висина од 0.9 милион евра, за зајакнување на националните капацитетите во областа на родовата рамноправност како клучна за човековите права и фундаменталните слободи.
Во рамки на Националната програма за 2011 година, се склучи договор за проектот кој во текот на 2016 и 2017 ќе се обезбеди поддршка на процесот на локална интеграција и вклучување на раселените лица (бегалците и внатрешно раселените лица) и немнозинските групи (Роми), преку зајакнување на капацитетите на државната администрација и капацитетите за имплементација и поголема оддржливост. Твининг договор за обезбедување на техничка помош и трансфер на шпанското искуство за зајакнување на административните капацитети во превенцијата и заштитата од дискриминација заради објективни причини од страна на твининг партнерот од март месец 2016 година проектите активности се стопираа и во текот на септември/октомври се покрена постапка за раскинување на договорот.

### 1.11.5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ-ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА

Оваа програма е составена од две потпрограми и тоа:

- Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти и
- Развој на информатичката технологија.

**I.Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти**

Во 2016 година се преадаптирани или изградени следните објекти:

